Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 01-264/2
03 03 2020 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

**(01.03.2019 - 29.02.2020 ГОДИНА)**

## ВОВЕД

Во извештајниот период на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беа преземени низа мерки и активности со цел да се обезбеди нормално функционирање и унапредување на квалитетот во вршење на дејноста на Факултетот. Во таа смисла:

1. Се изврши усогласување на актите и на работењето на Факултетот согласно новиот Статут на Универзитетот кој што произлезе од новиот Закон за високото образование;
2. Континуирано се преземаа мерки за пронаоѓање најсоодветни решенија за финансиска консолидација на Факултетот;
3. Се преземаа активности за натамошно унапредување на квалитетот во вршењето на образовната и научната дејност, како и зголемена проектна активност на Факултетот;
4. Се интензивираше меѓународната и домашната соработка и се зголемија можностите за мобилност на студентите и на наставниците со партнерски институции.

Во врска со овие прашања известувам за следното:

**1.** Во извештајниот период се изврши усогласување на актите и на работењето на Факултетот согласно новиот Статут на Универзитетот кој што произлезе од новиот Закон за високото образование, и тоа особено: се изготви и усвои новиот Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ којшто стапи во сила во октомври 2019 година; се изготвија и од страна на Наставно-научниот совет беа усвоени и деловниците за работа на органите на Факултетот; се започна со изработка на Правилник за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и на Одлука за условите, критериумите и правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии), коишто во моментот на поднесување на Извештајот се во фаза на финален нацрт.

Она што треба да се потенцира е дека во изработката на овие акти беа вклучени голем број помлади колеги со цел кај нив да се зајакне чувството на припадност кон Факултетот и дека активно придонесуваат во процесот на реформите во вршењето на неговата дејност.

**2.** Иако се бележи пад на приходите на сметката за сопствени приходи за 3,29% во споредба со 2018 година, беа преземени мерки за финансиско стабилизирање и за одржување на ликвидноста на Факултетот. Посебно би ги истакнале: пораст на сопствени приходи од такси за повторно запишување на предметни програми и различни задоцнети заверки, во услови на намалување на број на студенти; континуиран пораст на средства коишто се пренесуваат за следната година на сметката за сопствени приходи со што се придонесува кон подолгорочна финансиска стабилност на Факултетот; продолжување на трендот на намалување на расходите од средствата стекнати од самофинансирачки активности; постојани заложби на деканатот за пронаоѓање дополнителни/алтернативни извори за финансирање на дејноста на факултетот: средства од Министерството за образование и наука (1,7 милиони денари за унапредување на информатичката инфраструктура и нови 5 милиони денари за реновирање на студентските јавни тоалети и на читалната на Факултетот); средства во висина од 120.000,00 денари за годишната научна конференција, средства од УКИМ во висина од 190.000,00 денари за организација на Скопско-загрепскиот колоквиум и на Ораторската вечер; зголемени приходи од апликативни дејности на Факултетот во висина од околу 1 милион денари; приходи од донаторска забава во висина од 1,3 милиони денари; приходи од котизации за меѓународна конференција во висина од 81.387,00 денари; обезбедени средства (донации) за информатичка и видеоопрема по предавални и правни клиники; обезбедена донација за варосување на предавални и амфитеатри; делумно покривање на трошоци за патувања и учество на студенти на меѓународни натпревари од надворешни извори; се продолжи со практиката за тековно информирање на членовите на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа на Факултетот за финансиската состојба на Факултетот.

Би можело да се заклучи дека 2019 година е година на намалување на заостанати долгови кон вработените и кон УКИМ, односно на почетокот на 2019 година Факултетот влегол со долг

од околу 27 милиони денари, а ја завршил со долг од 8,3 милиони денари, што претставува намалување за околу 70%.

Сето ова дава надеж дека Факултетот е веќе прилично финансиски консолидиран што создава можности за подолгорочно и попредвидливо финансиско планирање.

**3.** Во делот на преземените активности за натамошно унапредување на квалитетот во остварувањето на образовната и научната дејност, како и зголемена проектна активност на Факултетот, би ги потенцирале следните: постепено враќање на јавната свест за улогата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во јавниот живот, особено кај работодавачите и кај носителите на јавни политики; проактивна и критичка улога на наставниците во анализата на тековните општествено-политички и економски случувања во државата; зајакнување на колективниот дух и чувството на припадност и лојалност кон Факултетот помеѓу колегите; покрај редовните и вонредни седници на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, се продолжи со отворена, повеќенасочна и ефикасна комуникација и проток на информации помеѓу сите органи и тела на Факултетот; зајакната консултативна и советодавна улога на катедрите и институтите со цел да се обезбеди поголема информираност и предвиливост на условите во работната средина; успешно спроведени избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание и повторно воспоставена практика за партнерско и активно учество на претставници на студентите во органите на управување на Факултетот и во процесите на донесување одлуки; одржана меѓународна годишна конференција „Транзиција на правните системи: 30 години по падот на Берлинскиот ѕид“ (Transition of Legal Systems: 30 Years After the Fall of the Berlin Wall”), ноември 2019 година; континуирано продолжување и развој на постојните научно-истражувачки проекти на Правниот факултет, како и учество во нови проекти; во 2019 година сите изданија на електронското списание „Iustinianus Primus“ Law Review се индексирани и во датотеката на HEIONLINE библиотеката; учество во заедничка програма на мастер студии со двојна диплома „Студии за Југоисточна Европа“ со Универзитетот во Грац; реално возобновување на работата на центрите за правна клиничка едукација и апликација за нивно впишување во регистарот за примарна правна помош којшто го води Министерството за правда; организирање на облици на неформално учење – спроведување на подготвителна настава за полагање на правосуден испит, курс за практични правни вештини и слично; зголемена мобилност на студентите во рамки на воспоставената соработка на УКИМ и на Факултетот со странски високообразовни установи; континуиран успех на наши студенти на меѓународни натпревари од областа на правото; поактивна соработка со Алумни асоцијацијата на Факултетот; продолжување со практиката за промоција на активностите и на постигнувањата на Факултетот, преку јавно презентирање на резултатите на студентите постигнати на меѓународни и домашни натпревари; одржување на традиционалната соработка со Еуролинк осугурување А.Д. – Скопје во стипендирање на наши студенти; зајакнување и зголемување на професионализмот и етичноста кај административната служба; континуирани заложби во процесот за добивање нови вработувања или за преземање на вработени во јавен сектор; централизација на системот за информирање на студентите во поглед на наставните активности на Факултетот; постојан и редовен систем за изработка на податоци за тековно издавање на дипломи за дипломирани и магистрирани студенти; зајакната контрола на статусот на студентите од страна на факултетските служби; од доделени 94 лиценци за користење на услугите на микрософт е-пошта преку „Microsoft Exchange“ на доменот „@pf.ukim.edu.mk“, редовно го користат 82 корисници на Факултетот.

**4.** Во делот на меѓународната и домашна соработка на Факултетот, може да се забележат следните трендови: значително интензивирана меѓународна соработка; потпишани нови Еразмус договори и меморандуми за соработка (со странски и домашни лица), што само посебе докажува дека видливоста на Факултетот и понатаму се зголемува; постојано и транспарентно известување за сите можности за усовршување и стипендирање на вработените и на студентите преку интернет страницата на Факултетот и преку социјалните мрежи; продолжување на постојната и остварување нова соработка со странски дипломатско-конзуларни претставништва, канцеларии за врски, културни центри, фондации и организации; обезбедување странски предавачи - визитинг предавачи од редот на експертите кои доаѓаат во земјата и членови на кадарот на странските организации и институции.

Сите погоре наведени активности и резултати се остварени со особени залагања на наставниците, асистентите, стручната служба на Факултетот и студентите, кои со својата посветеност и работа придонесоа во остварувањето на позитивни резултати и подигнување на угледот на Факултетот.

Иако во извештајниот период е доста направено, остануваат многу работи кои треба да бидат отпочнати и да се завршат во наредниот период, а се ветени во мојата Програма за работа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

Текстот на овој Извештај е подготвен според воспоставената методологија и структура, што овозможува да се вршат соодветни споредувања со претходни извештајни периоди.

## АКРЕДИТИРАНИ НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Во извештајниот период се акредитирани следниве студиски програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје:

ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ – ПРАВНИ СТУДИИ

- *Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија* - Решение за акредитација на студиската програма (едногодишни студии) бр. 1409-460/2 од 07.02.2019 година и Решение за почеток со работа од МОН бр. УП1 14-398 од 25.03.2019 година.

Во извештајниот период во тек е постапка за корекција на акредитацијата на студиската програма на втор циклус двегодишни студии – Меѓународно право и односи и право на ЕУ (доставени се решенија за акредитација на 23.01.2015 година, но поради грешка, на доставениот допис до Одборот за акредитација и евалуација во високото образование за исправка на нивната грешка, с уште не е одговорено и не е исправена грешката).

Исто така, во тек е постапката за повторна акредитација на студиската програма на втор циклус студии – Корпоративно право. Елаборатот за повторна акредитација на студиската програма Корпоративно право – втор циклус едногодишни и двегодишни студии е доставен до Одборот за акредитација и евалуација во високото образование на 15.10.2019 година.

## СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС

### ТЕК НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Во учебната 2019/2020 година се организира настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (четврта и петта година).

Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 77 наставници и асистенти со полно работно време.

Наставата во академската 2019/2020 година (зимски и летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност во сите три години по една паралелка.

Наставата во четврта и петта година (втор циклус на студии) се спроведува според распоредот за предавања доставен од колегиумите на втор циклус на студии.

Успешно се спроведуваат колоквиумите по предметите опфатени со наставниот план на Правниот факултет (на предметните програми каде што предметниот наставник ги предвидел), како и завршните испити, за студентите кои студираат според ЕКТС.

Како механизам за унапредување на наставно-образовниот процес, во насока на ефикасност на организацијата на наставата и на испитите се изготви заеднички распоред за предавања по простории и заеднички распоред на испити за испитните сесии. Со ова се овозможи информираност на студентите и прегледност во користењето на просториите. Процесот на закажување на испити може дополнително да се унапредува на начин што закажувањето на испитите за редовните сесии ќе се одвива најмалку 2 седмици пред почетокот на сесијата.

Системот на закажување одбрани на магистерски трудови исто така е централизиран. Дополнително, во службата за студентски прашања е воспоставен систем на контрола на исполнетост на условите за пријавување и одбрана на магистерски трудови.

Во службата за студентски прашања се воспостави постојан систем на пријавување испити и изготвување списоци за полагање од страна на службата.

Во извештајниот период се продолжи со напорите за миграција кон универзитетскиот електронски систем I-Know. Во универзитетскиот електронски систем I-Know се внесуваа податоци за сите студенти за кои се воделе електронски досиеја. Процесот е отежнат поради тоа што базите се изготвувани и форматирани различно, па потребни се интервенции за да се постигне целосна миграција.

Во извештајниот период се воспостави постојан систем за изработка на податоци за тековно издавање на дипломи за дипломирани и магистрирани студенти, како и беа преземени мерки за зголемување на ефикасноста во постапката за издавање уверенија на студентите и забрзување на процесот. Со оглед на тоа што е исклучен претходниот систем за електронска евиденција, а заради потребата за ажурирање и водење на студентските досиеја и изработката на уверенија за положени испити и уверенија за завршени студии, Деканатската управа донесе одлука дека истите ќе се изработуваат врз основа на оценката во индекс и во пријавата за испит, на кои им се дава предност.

Во текот на извештајниот период се примаа и се разгледува голем број барања поднесени од студентите на Факултетот. Истите се со различна содржина (признавање испити положени на други факултети, промена на статус на студии, студирање по новиот наставен план, продолжување на студиите на Правниот факултет во Скопје и сл.).

## ПОДАТОЦИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

Со Одлука на ННС од седницата одржана на 10.6.2019 година формирана е Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2019/2020 година во состав: проф.д-р Александра Груевска Дракулевски (претседател), проф.д-р Неда Здравева, проф.д-р Тина Пржеска, проф.д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф.д-р Јован Зафироски, проф.д-р Драган Гоцевски и доц.д-р Есин Кранли Бајрам. Согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2019/2020 година, беа предвидени три рока за пријавување на кандидатите, и тоа, 29 и 30.8.2019 година (прв рок), 12 и 13.9.2019 година (втор рок) и 25.9.2019 година (трет рок).

Во трите уписни рока се запишаа вкупно 386 студенти на сите студии, и тоа, на студии по новинарство – според Конкурс вкупно 60 редовни студенти и 10 вонредни студенти, запишани 16 студенти; на односи со јавност – според Конкурс вкупно 80 редовни студенти, запишани 31 студент; на политички студии (македонски јазик) – според Конкурс вкупно 100 редовни студенти и 20 вонредни студенти, запишани 21 студент; на правни студии – според Конкурс вкупно 700 редовни студенти и 25 вонредни студенти, зашишани 310 студенти; и на политички студии (англиски јазик) – според Конкурс вкупно 60 редовни студенти, запишани 8 студенти.

Споредено со минатата година, забележан е вкупен пад на запишани студенти. Најголем пад се бележи кај политички студии и политички студии на англиски јазик. Кај студиите по односи со јавност се бележи раст.

## СТУДИИ ОД ВТОРИОТ ЦИКЛУС (ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ) СПОРЕД КОНКУРСОТ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2019/2020 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус (последипломски студии) од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Конкурсот за запишување студенти на правните, политичките, студиите по новинарство и односи со јавност од втор циклус во учебната 2019/2020 година беше објавен во дневните весници и на веб страницата на Правниот факултет.

Се пријавија и се запишаа вкупно 155 кандидати на сите студиски програми[1].

## ПРАВНИ СТУДИИ

Запишувањето на студиската програма - правни студии се вршеше на следниве насоки: Административно право и јавна администрација, Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право, Деловно право, Историја на правото, Казнено право, Катастарско право, Меѓународно право и односи и право на ЕУ, Римско право и приватно-правна традиција, Уставно право, Финансово право и Право на интелектуална сопственост.

Заклучно со денот на отпочнување на наставата на правните студии (во првиот уписен рок) се запишаа вкупно 126 кандидати и тоа: на насоката Административно право и јавна администрација вкупно 5 кандидати, на насоката Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право вкупно 29 кандидати, на насоката Деловно право вкупно 16 кандидати, на насоката Историја на правото вкупно 1 кандидат, на насоката Казнено право вкупно 36 кандидати, на насоката Катастарско право вкупно 0 кандидати, на насоката Меѓународно право и односи и право на ЕУ вкупно 15 кандидати, на насоката Римско право и приватно-правна традиција вкупно 0 кандидати, на насоката Уставно право вкупно 1 кандидат, на насоката Финансово право вкупно 17 кандидати и на насоката Право на интелектуална сопственост вкупно 6 кандидати.

## ПОЛИТИЧКИ СТУДИИ

На студиската програма - политички студии запишувањето се вршеше на следниве насоки: Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија и Применета политика и политички систем.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 14 кандидати од кои 9 кандидати на насоката Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија и 5 кандидати на насоката Применета политика и политички систем.

## СТУДИИ ПО НОВИНАРСТВО

На студиската програма - новинарство запишувањето се вршеше на насоките: Политичко новинарство, Економско новинарство и Судско известување.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 1 кандидат и тоа: 1 кандидат на насоката Судско известување.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

На студиската програма – односи со јавност запишувањето се вршеше на насоките: Корпоративно комуницирање и Односи со јавност во политиката.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 14 кандидати и тоа: 14 кандидати на насоката Корпоративно комуницирање и 0 кандидати на насоката Односи со јавност во политика.

## ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ЗА СТУДЕНТИТЕ КОИ ЗАВРШИЛЕ ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ ПРЕД ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕКТС

Во текот на учебната 2019/2020 година, на последипломските студии по стара наставна програма (пред воведување на ЕКТС) магистрирале вкупно 18 кандидати.

Заклучно со учебна 2014/15 година (*последна година кога е извршен упис на овие студии)* на последипломските студии (пред воведување на ЕКТС) запишани се вкупно 1795 студенти, а од нив се стекнале со научен степен магистер 599 кандидати.

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

Во учебната 2019/2020 година беше распишан конкурс за упис на студенти на трет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во првиот и во вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 13 студенти на правни науки и 1 студент на политички науки. Вкупниот број на запишани студенти во двата уписни рока во учебната

---

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус студии завршува на 02.03.2020 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 3, 4 и 5 март 2020 година.

2019/2020 година е 14. Вкупниот број на запишани студенти на трет циклус на студии на правни, политички и комуниколошки науки, од учебна 2011/12 година заклучно со учебната 2019/2020 година е 194.

Во извештајниот период со научен степен – доктор на науки се стекнале 13 студенти. Вкупниот број на студенти на трет циклус на студии кои се стекнале со научен степен – доктор на науки заклучно со февруари 2020 година е 53.

Во извештајниот период испишани се 10 студенти на трет циклус студии (докторски студии).

Листата на верификувани ментори на докторските студии е дел од Елаборатот на студиската програма, како и листата на слободни ментори која што е дадена во прилог на секој конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии и која воедно е достапна и на веб страницата на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во извештајниот период 7 кандидати кои пријавиле изработка на докторска дисертација заклучно до 31.12.2011 година се стекнале со научен степен – доктор на науки.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

## ЦЕНТРИ ЗА ПРАВНА КЛИНИЧКА ЕДУКАЦИЈА

### ЦЕНТАР ЗА ПРАВНА КЛИНИЧКА ЕДУКАЦИЈА - КЛИНИКА ЗА ПРАВО НА БЕГАЛЦИ

Во текот на извештајниот период, во летниот и зимскиот семестар беше спроведена теоретска и практична настава во рамки на Клиниката за право на бегалци која започна како стратешка проектна активност помеѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Мисијата на УНХЦР во Скопје. Во рамки на проектот на предметната програма на бегалци, мигранти, лица без државјанство и криза на човековите права беше спроведена настава од страна на ментори и гостински предавачи од земјата и странство. Наставата по предметот ја посетуваа студенти од прв циклус и од втор циклус студии на Правниот факултет, но и од други факултети при УКИМ. Во рамки на клиниката беше спроведена пракса за студентите преку работа на случаи на баратели на азил (преку соработка со Здружение на млади правници, МВР, МТСП и Мисијата на УНХЦР) и теренска настава со посета на места кои се под надлежност на МВР, МТСП, ЦУК, а се поврзани со бегалци, мигранти и лица без државјанство: посета на транзитни центри Винојуг и Табановце, посета на прифатниот центар за азил во Визбегово и следење на постапки за азил, движење по нелегалните рути за влез и излез од државата, востановени како дел од т.н. Балканска рута, разговори со теренски работници и пренесување на искуства, средби и комуникација со претставници на владини и невладини институции.

Во рамки на проектот беше одбележан 20 јуни – Меѓународниот ден на бегалците. Настанот беше организиран во координација со UNHCR Мисијата во Скопје, Здружението на Млади правници и Здружението на новинари на Македонија. Во знак на одбележувањето беше доделена награда за професионално известување за состојбата на бегалците при мешани миграциски движења за 2018 година, како и сертификати на студентите кои успешно ја завршиле практикантската работа како дел од правната клиника.

Во соработка со UNHCR Мисијата во Скопје и 10-тина партнерски организации, Клиниката за право на бегалци учествуваше во организација на настанот Speak Up for Solidarity with Refugees. Настанот се одржа на 17.12.2019 година во знак на солидарност со бегалците преку музиката на Фолтин, танцот на Битрикс, дизајните на Горан Костовски – индог и дицеите Гоце и Чваре. Настанот се одржа во Станица 26 и беше поврзан со првиот Глобален форум за бегалци во Женева, а присуствуваа повеќе од 700 лица меѓу кои и тековните и алумни студентите на клиниката.

Во рамки на проектот беше инсталирана опрема за видео и аудио следење на предавања во Депозитната библиотека на Факултетот. Покрај тоа беше направена и интервенција во делот на осветлувањето на просторијата, за да може полесно да се следи настава.

## ЦЕНТАР ЗА ПРАВНА КЛИНИЧКА ЕДУКАЦИЈА - ПРАВНА КЛИНИКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ

Правната клиника за ранливи групи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ започна со работа во почетокот на 2017 година. Клиничката програма се одвива на начин што под менторство на професорите, студентите кои се селектирани за работа во Клиниката се обучуваат за обезбедување правни совети и правни информации за остварување на специфични права на ранливите граѓани, работејќи поделени во групи со посебен фокус на специфични права (права за социјална и здравствена заштита, права на ранливи категории потрошувачи, права на семејства на затворени и притворени лица и остварување на правата во управните постапки и постапката пред Народниот правобранител).

Досега во Правната клиника беа вклучени три турнуси на студенти. Во ноември 2018 година се спроведе селекција на третиот турнус студенти-учесници вклучени во клиничката програма, по што за учество беа избрани вкупно 36 студенти. Четири студенти вклучени во третиот турнус на клиничката програма се студенти кои беа вклучени и во претходните генерации учесници. Од академскиот кадар на Факултетот, за периодот 2018-2019 година како ментори во програмата се вклучени проф. д-р Ана Павловска Данева, проф. д-р Неда Здравева, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Дивна Илиќ Димоски и доц. д-р Александар Ристовски.

По спроведениот избор на студенти-учесници во Правната клиника, започна спроведувањето на обуки за продлабочени теоретски знаења за секој клинички оддел, одржани од страна на менторите. Обуките се одвиваа според однапред подготвен силабус со цел студентите-учесници во Правната клиника да се здобијат со специјализирано теоретско знаење од областа на нивниот клинички оддел. По завршувањето на овие обуки, студентите се распределија во четири клинички оддели согласно нивните преференции.

Одржани се шест обуки за сензитивизација за работа со ранливи групи, насочени кон градење вештини и знаења на студентите за работа со лица припадници на ранливи и маргинализирани групи за презентирање на правни информации. Целта на оваа активност е доближување на студентите до реалните правни проблеми со кои се соочуваат ранливите групи граѓани. По завршувањето на овие обуки, следеа обуки за практикување право - работилници за зајакнување на вештини за практикување право за сите клинички оддели, во соработка со надворешни лица, стручни лица за секоја област од клиниката. Обуките беа насочени кон градење на вештини за работење на правни случаи, спроведување интервјуа со странки, развивање на способност за добивање информации, разграничување на факти од шпекулации, спроведување правно истражување, градење случај. Студентите од клиничките оддели за социјална и здравствена заштита, административно-правна заштита на правата, заштита на правата на затворени и притворени лица работеа со адвокати од овие области. Со нивна помош изработуваа поднесоци и работеа на случаи.

Во текот на работењето на Правната клиника остварена е соработка со Младински образовен форум, Коалиција МАРГИНИ, адв. Павлина Зефиќ, адв. Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Ана Петровска од Министерство за здравство на РСМ, Ивана Смугреска од Управниот суд на РСМ, адв. Жарко Хаџи Зафиров.

Дел од студентите кои се вклучени во Правната клиника, учествуваа на Regional Winter Academy во организација на Совет на Европа во Белград, Србија. Во склоп на активностите, студентите ги посетија КПУ Штип, КПУ Скопје и КПУ Идризово. На студентите им беше овозможен увид во условите за издржување на казна затвор во установата, како и разговор со некои од затворениците. Студентите од Клиничкиот оддел за правата на затворените и притворените лица одржаа презентација пред група осуденици за заштита на правата на лицата кои издржуваат казна затвор.

Координаторката и две студентки како претставници на Клиниката, како и менторот од клиничкиот оддел за потрошувачко право во улога на професор по право, учествуваа на Курс за правно зајакнување во организација на ФООМ којшто се одржа во Охрид.

Студентите во рамките на Правната клиника имаа можност да присуствуваат на голем број конференции, работилници и семинари. Тие беа дел од: Конференција за заштита на човековите права на трансродовите луѓе „Унапредување на законската рамка за заштита на човековите права на трансродовите луѓе во Република Северна Македонија“, посета на настан

„Отворен ден“ организиран од основните судови во Скопје по повод Европскиот ден на граѓанската правда, Конференција – „Нееднаквости во здравјето и правата на ЛГБТ- младите во Северна Македонија“, работилница на тема „Антидискриминација и Бесплатна правна помош“, организирана од страна на Македонското здружение на млади правници и многу други настани од овој тип.

Правната клиника за ранливи групи зема активно учество на семинарот за правно зајакнување за вработените во подрачните одделенија на Министерството за правда. На семинарот беше претставен концептот на правно зајакнување, како и правното зајакнување во Република Северна Македонија.

Кон крајот на 2019 година се одржа настан за промоција за Правната клиника, Правнички театар „Случајот П“. Студентите од Правната клиника во соработка со студентите од Факултетот за драмски уметности во Скопје ја изведоа претставата „Случајот П“, која имаше за цел да ја подигне свеста за маргинализираните групи како и за проблемите со кои се соочуваат.

Правната клиника за ранливи групи е основана како организациона единица на Правниот факултет „Јустинијан Први“, со цел да се впише во регистарот за примарна правна помош којшто го води Министерството за правда на РСМ.

Проектот е целосно финансиран од Фондација Отворено Општество Македонија.

## ЦЕНТАР ЗА ПРАВНА КЛИНИЧКА ЕДУКАЦИЈА – ПРАВНА КЛИНИКА ПО КАЗНЕНО ПРАВО

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка бр. 03-548/1 од 17.04.2019 година помеѓу Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Конгресен сервисен центар во Скопје, странките ги уредија меѓусебните односи за основање и функционирање на Правната клиника по казнено право, како дел од спроведувањето на наставата на предметите Казнено материјално право – Применета програма и Казнено процесно право – Применета програма, како задолжителни предмети на студиите од втор циклус по казнено право што се изведуваат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Институтот по казнено право го назначи проф. д-р Бобан Мисоски како координатор на Правната клиника кој ќе ги надгледува и координира тековните активности на истата. Институтот по казнено право го ангажира м-р Дељо Кадиев, адвокат од Скопје кој ќе ја спроведува практичната настава со студентите на Правната клиника по казнено право, како и м-р Кристина Петрова, како административен соработник кој ќе ги спроведува секојдневните тековни активности на Правната клиника.

Беше изготвен Етички кодекс, во кој е наведена мисијата и визијата на Правната клиника, етичките принципи и стандарди според кои се одвива работата во Клиниката, односно како учесниците (студентите) треба да се однесуваат со клиентите, предметите и сите останати поврзани активности.

Студентите – учесници во работата на Правната клиника се студентите запиштани на втор циклус студии – насока казнено право. Секој студент во Правната клиника по казнено право потпиша изјава за доверливост на податоците.

На седницата одржана на ден 29.11.2019 година, Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје донесе одлука бр. 02-1474/13 со која го формира Центарот за правна клиничка едукација по казнено право (скратен назив: Правна клиника по казнено право), како посебна внатрешна организациона единица на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. За раководител на Центарот именуван е проф. д-р Бобан Мисоски.

Во периодот април – декември 2019 година Правната клиника по казнено право ги реализира следниве активности: Студентите од Правната клиника зедоа учество во 6 (шест) теоретски обуки одржани од страна на адвокат Дељо Кадиев во врска со фазите на кривичната постапка согласно Законот за кривична постапка кои што обуки беа проследени со примери од пракса, case-study, обработка на хипотетички случаи од „Прирачникот за основни судски вештини“ и веќе завршени судски предмети. Целта на обуките е стекнување на студентите со дополнителни теоретски и практични сознанија за надлежностите на јавното обвинителство и одбраната во текот на фазите на кривичната постапка, како и стекнување на вештини за

спроведување на директно испитување, вкрстено испитување, дополнително испитување во главната фаза на кривичната постапка; Правната клиника работеше на 2 (два) судски предмети и оствари присуство на 17 (седумнаесет) главни расправи; на Правната клиника се оддржаа 4 (четири) предавања од страна на странски гости – предавачи преку соработка со Амбасадата на САД во Република Северна Македонија на актуелни теми од областа на казненото право и кривичната постапка со цел континуирана едукација за зголемување на практичното знаење и стручноста на студентите – учесници во Правната клиника.

### Центар за правна клиничка едукација – Правна клиника за антикорупција

Во текот на извештајниот период во рамки на Правната клиника за антикорупциско право беа преземени повеќе активности. Во работата на Правната клиника за антикорупциско право беа инволвирани студентите кои го слушаа предметот Антикорупциско право во текот на вториот циклус на студии. Студентите се запознаа со новото законодавство, имајќи предвид дека во извештајниот период беше донесен новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, студентите вршеа антикорупциска проверка на легислативата и подготвуваа свои есеи на темата, односно ја следеа работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (посета на веб-страниците, анализа на извештаите и слично). Актуелизирањето на овие прашања ги мотивира студентите с почесто да пишуваат магистерски трудови поврзани со спречувањето на корупција.

## КУРС ЗА ПРАКТИЧНИ ПРАВНИ ВЕШТИНИ

Наставно-научниот совет на седницата одржана на 01.02.2019 година донесе одлука за организирање на Курс за практични правни вештини. Курсот беше наменет за студентите од трета година на правни студии и за студентите на втор циклус правни студии, со цел да се стекнат со практични вештини за примена на правото во практиката. Во реализацијата на курсот учествуваа: судии, обвинители, адвокати, нотари, извршители, стечајни управници – истакнати претставници на правничкиот еснаф, со кои Правниот факултет „Јустинијан Први" има воспоставено долгогодишна соработка. Со посетувањето и успешното завршување на Курсот за практични правни вештини, Правниот факултет им овозможи на студентите на правните студии уште за време на нивното студирање да се подготвуваат за примената на правото во практиката. Со тоа, студентите се стекнаа со практични знаења и вештини кои ќе им бидат од големо значење во развојот на нивната правничка кариера и вработување. Знаењата стекнати од овој курс се исклучително потребни и барани од страна на претставниците на Адвокатската комора на Република Македонија, Нотарската комора на Република Македонија и Комората на стечајни управници на Република Македонија, кои имаат потреба од млади правници со вакви знаења и вештини. Поради тоа, учесниците на овој Курс ќе имаат предност во ангажирањето и вработувањето од страна на членовите на правничките комори во Република Македонија.

Координатор на Курсот беше проф. д-р Ангел Ристов, а од редот на студентите, Никола Крстевски, студент на правни студии, трета година.

Курсот за практични правни вештини свечено беше отворен на 21 февруари 2019 година. На свеченото отворање поздравни говори и обраќања имаа: проф. д-р Горан Коевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, г-дин Илир Сулејмани, претседател на Граѓанскиот суд во Скопје, претставник од Кривичниот суд во Скопје, претставник од Управниот суд на Република Македонија, претставник од Јавното обвинителство на Република Македонија, г-дин Љубомир Михајловски, претседател на Адвокатска комора на Република Македонија, г-дин Васил Кузманоски, претседател на Нотарска комора на Република Македонија, г-дин Ацо Петров, претседател на Комора на стечајни управници на Република Македонија, г-дин Зоран Димов, претседател на Комората на извршители на Република Македонија и проф. д-р Ангел Ристов, координатор на Курсот.

Курсот траеше 12 недели (по 4 часа неделно), од февруари до мај 2019 година, со вкупен фонд од 60 часа, а се спроведуваше во просториите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во петок попладне. За овој период учесниците од курсот беа оспособени со практични вештини за составување на поднесоци, договори, тужби, жалби, приговори, кривични пријави, барања, предлози за платни налози и други обрасци.

Седумдесет студенти поминаа практични обуки во областа на граѓанското право (стварно право, облигационо право, семејно право и наследно право), казненото право, трговското право (стечајна постапка), административното и трудовото право. На студентите свечено им беа доделени сертификати за успешно завршен Курс на 11.06.2019 година на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.

## МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Во текот на извештајниот период беа потпишани меморандуми за соработка преку кои може да се остварува практична наобразба на студентите со: Младински образовен форум и Фондација за Демократија на Вестминстер; Младински образовен форум; Телевизија Сител (Трговско-Радиодифузно друштво ДООЕЛ); Јавно претпријатие за државни патишта, Скопје; Телевизија Канал 5, Скопје; Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија; Македонско Здружение на Млади Правници; Договор за реализација на пролетна школа со Адвокати Ветон Ќоку и Љупка Нoвевеска во соработка со Karanovic&Partners.

## ПОДГОТОВИТЕЛНА НАСТАВА ЗА ПРАВОСУДЕН ИСПИТ

Во извештајниот период се формираше работна група која што изработи Елаборат за организација на подготвителна настава за полагање на правосуден испит. Организатор на подготвителната настава е Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Наставата ќе се спроведува во просториите на Факултетот, а целта е дипломираните правници полесно да ги совладаат прашањата од програмата за полагање на правосудниот испит. Подготвителната настава ќе се одвива за седум области, и тоа: Казнено право (казнено материјално право и казнено процесно право) - со вкупен фонд од 15 часа; Граѓанско право (граѓанско материјално право и граѓанско процесно право) со вкупен фонд од 15 часа; Трговско право – со вкупен фонд од 10 часа; Трудово право - со вкупен фонд од 10 часа; Уставно уредување на Република Северна Македонија и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи - со вкупен фонд од 10 часа; Организација на правосудниот систем и Управно право - со вкупен фонд од 10 часа; Судир на закони и меѓународна правна помош со вкупен фонд од 10 часа. За предавачи за спроведување на подготвителната настава за полагање на правосуден испит се определени: Област: Казнено право (казнено материјално право и казнено процесно право) - со вкупен фонд од 15 часа, предавачи – проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова, проф. д-р Бобан Мисоски и проф. д-р Дивна Илиќ Димоски; Област: Граѓанско право (граѓанско материјално право и граѓанско процесно право) со вкупен фонд од 15 часа, предавачи – проф.д-р Родна Живковска, проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, проф.д-р Дејан Мицковиќ, проф.д-р Татјана Зороска Камиловска, проф.д-р Тина Пржеска, проф.д-р Ненад Гавриловиќ, проф.д-р Неда Здравева, проф.д-р Ангел Ристов, проф.д-р Елена Игновска и проф.д-р Милка Ракочевиќ; Област: Трговско право – со вкупен фонд од 10 часа, предавачи – проф.д-р Горан Коевски и проф.д-р Дарко Спасевски; Област: Трудово право - со вкупен фонд од 10 часа, предавачи – проф.д-р Лазар Јовевски и доц.д-р Александар Ристовски; Област: Уставно уредување на Република Северна Македонија и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи - со вкупен фонд од 10 часа, предавачи – проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова, проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска, проф. д-р Марика Ристовска и доц. д-р Денис Прешова (за прва сесија); Област: Организација на правосудниот систем и Управно право - со вкупен фонд од 10 часа, предавачи – проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ана Павловска Данева и проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска (за прва сесија) и Област: Судир на закони и меѓународна правна помош со вкупен фонд од 10 часа, предавач – доц.д-р Вангел Доковски и доц. д-р Илија Руменов. Проф.д-р Дарко Спасевски и проф.д-р Ивана Шумановска Спасовска ќе бидат задолжени за комуникација со заинтересираните кандидати и објавување на соопштенија за спроведување на подготвителната настава за полагање на правосуден испит, што ќе се спроведува во просториите на Факултетот.

## АКТИВНОСТИ ВО ОДНОС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуацијата во летниот семестар во учебната 2018/2019 година и во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 ја спроведе Комисијата за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав: проф. д-р Тони Дескоски, проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ (претседателка), проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, доц. д-р Катерина Шапкова Коцевска, Тамара Трајковска (студентка на студиската програма односи со јавност, индекс бр. 47957) и Марија Суботиќ, (студентка на студиската програма – правни студии, индекс бр. 47957).

Самоевалуациите се спроведоа со методот на анкета. Анкетирањето го спроведоа студентките Тамара Трајковска и Марија Суботиќ, кои Наставно – научниот совет ги избра со тајно гласање на седницата одржана на 21.12.2018 година (бр. 02-1526/7 од 24. 12. 2018 година) и се членови на Комисијата за евалуација од редот на студентите. Самоевалуациите беа спроведени на прввиот и на вториот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Процесот на самоевалуација се одвиваше без проблеми и во соработка со наставниците и студентите кои отстапија дел од своето време на часовите (предавањата) во полза на евалуирањето, и покрај тоа што Комисијата за самоевалуација се соочи со технички проблеми при читањето на резултатите. Процесот на самоевалуацијата се одвиваше според распоредите на работни задачи за учебната 2018/19 година и за учебната 2019/2020 година, а утврдени врз основа на член 110, став 1, точка 10 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и предлозите на институтите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, од страна на Наставно-научниот совет. Самоевалуациите беа спроведени пред испитните сесии.

Во однос на бројот на студенти, Комисијата констатира дека имаше задоволитетен и репрезентативен број на студенти. Во процесот на евалуирање не се појавија проблеми, а наставниците, асистентите и студентите покажаа висок степен на соработка и одговорност. Комисијата навремено беше известувана за моменталните промени во распоредот (во однос на промена на термини и простории, поради оправдани причини). Резултатите од самоевалуациите за летниот семестар во учебната 2018/2019 година и во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 покажуваат дека наставниот процес и наставниците на Факултетот се оценети со задоволително високи оценки.

## НАУКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

### ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Во извештајниот период беа дистрибуирани повеќе повици за стипендии, специјализации и конференции преку web страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и преку електронска пошта.

Во извештајниот период, Правниот факултет аплицираше на Конкурсот за распределба на средства за финансирање на организација на научни собири за 2019 година при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, но до изготвувањето на овој Извештај не беше пристигнат одговор.

Во рамки на Конкурсот за поддршка за објавување трудови во престижни списанија за 2018 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правниот факултет испрати една апликација, односно еден труд кој беше прифатен за финансирање, автори се проф. д-р Мишо Докмановиќ и проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска.

Во рамки на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти за 2018/19 година, Правниот факултет испрати една апликација подготвена од Институтот за казнено право, која беше прифатена за финансирање од страна на соодветната Комисија при УКИМ.

## МЕЃУНАРОДНА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА (2019) НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ, „ТРАНЗИЦИЈА НА ПРАВНИТЕ СИСТЕМИ: 30 ГОДИНИ ПО ПАДОТ НА БЕРЛИНСКИОТ ЅИД“ (TRANSITION OF LEGAL SYSTEMS: 30 YEARS AFTER THE FALL OF THE BERLIN WALL”)

На 8 и 9 ноември 2019 година се одржа Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, „Транзиција на правните системи: 30 години по падот на Берлинскиот ѕид“, (“Transitions of Legal Systems: 30 Years After The Fall of the Berlin Wall”).

На Конференцијата беа презентирани вкупно 59 трудови од страна на 70 учесници од следниве држави: Република Северна Македонија – УКИМ - Правен факултет „Јустинијан Први“ (27 учесници); УКИМ – Филозофски факултет; Универзитет во Тетово – Правен факултет; УКЛО – Факултет за безбедност; Универзитет на Југоисточна Европа – Правен факултет; Меѓународен Славјански Универзитет – Правен факултет; УГД – Правен факултет; Американ Колеџ; Витаминка АД; Република Србија -Правен факултет во Белград; Правен факултет во Ниш; Правен факултет во Крагујевац; Правен факултет УНИОН Белград; Правен факултет во Приштина (привремено седиште во Косовска Митровица); Република Хрватска - Правен факултет во Осијек; Правен факултет во Сплит; Република Бугарија - Правен факултет во Софија – Универзитет „Св. Климент Охридски“; Турција - Kadir Has University; С.Р. Германија - Europa-Institut, Universität des Saarlandes; Франција - Université Paris Nanterre; Полска - Adam Mickiewicz University in Poznań; University of Białystok; Косово - AAB University; Австралија/Велика Британија - Peking University School of Transnational Law; Босна и Херцеговина - Универзитет во Сарајево и Република Словенија - Правен факултет во Љубљана.

На отварањето на конференцијата, со свои поздравни говори учество земаа и: проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на УКИМ, Амбасадорот на С.Р. Германија H.E. Tomas Norbert Gerberich и Амбасадорот на Франција H.E. Christian Thimonier.

По повод конференцијата, Амбасадорот Tomas Norbert Gerberich организираше коктел-прием во својата резиденција за учесниците од странство и од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Работата на конференцијата беше организирана во две пленарни сесии и во четири паралелни сесии. На вториот ден од конференцијата, беше организирана посета на Винаријата „Тиквеш“. Работен јазик на Конференцијата беше англискиот јазик. Котизацијата за учество изнесуваше 50 евра, додека за докторандите 30 евра. Професорите и соработниците од нашиот факултет, како и учесниците од странство кои се во меѓународниот уредувачки одбор не ја плаќаа сумата за котизација. На сметката на Правниот факултет, уплатени се вкупно 1590 евра со дознака - котизација за учество на меѓународна конференција. Учесниците од странство самите ги сносеа трошоците за превоз и сместување. За организација на Конференцијата беше обезбедена донација од Владата на РСМ во износ од 120.000,00 денари. На веб страната на Правниот факултет објавени се сите информации во однос на Конференцијата - http://pf.ukim.edu.mk/home-about-us/

Апстрактите на учесниците се објавени во електронско издание на Book of abstracts од Конференцијата. Трудовите кои ќе бидат позитивно рецензирани ќе бидат објавени во посебно издание на Iustinianus Primus Law Review. Од страна на учесниците на Конференцијата, истата беше оценета како успешна и се истакна надеж за продолжување на нејзиното организирање и во иднина.

За организирање на Конференцијата беше задолжен Организационен одбор формиран со Одлука на ННС од седницата одржана на 1.3.2019 година во состав: проф. д-р Горан Коевски (претседател), проф.д-р Александра Груевска Дракулевски, проф.д-р Неда Здравева, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Мишо Докмановиќ, проф. д-р Ангел Ристов, проф.д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф. д-р Бобан Мисоски, доц. д-р Александар Ристовски и доц.д-р Вангел Доковски. Со Одлука на ННС од седницата одржана на 1.7.2019 година дополнет е Организациониот одбор со нови членови и тоа: D-r Martyna Kusak, Adjunct Professor; Adam Mickiewicz, University, Faculty of Law and Administration Poznań, Poland; Prof. d-r Barbara Vettori, associate professor, Universita Cattolica del Sacro Cuore, Milan, Italy; Prof. d-r Elisabetta Silvestri, Departman of Law, University of Pavia, Italy; Prof. d-r Francis Kessler, professor,

Sorbonne school of law, University of Paris 1, France; Prof. d-r d-r h.c. Otmar Seul, Universite Paris-Nantterre, France; Assoc. Prof. d-r Başak BAYSAL Departement of Civil Law, Istanbul University, Turkey; Prof. d-r Tomas Giegerich, Europe Institute, Saarland University, Germany; D-r Nenad Teshich, Pravni Fakultet, Univerzitet u Belgradu, Srbija; Prof d-r Sasho Penov, Faculty of Law, Sofia University, Bulgaria; D-r Velibor Korac, Pravni fakultet, Univerzitet u Podgorici, Crna Gora и Prof. d-r Ivan Ruschev, Faculty of Law, Sofia University, Bulgaria.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

### КОНФЕРЕНЦИИ И ДЕБАТИ

На 4 април 2019 година, по осми пат се одржа годишната конференција „Free Market Road Show", во ко-организација со Австрискиот економски центар од Виена. Генералната тема на конференцијата оваа година беше: „Слободата - Триесет години по падот на Ѕидот". На конференцијата се дебатираше за европските вредности, економските слободи и можностите за унапредување на конкурентноста на приватниот сектор. Свои обраќања на настанот имаа г-ѓа Глорија Алварез (Gloria Álvarez), Libertopolis Radio, Џон Чишолм (John Chisholm), John Chisholm Ventures, Федерико Фернандез (Federico Fernández), Austrian Economics Center and Free Market Road Show Representative, проф. д-р Ванчо Узунов, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на тема - 30 години по падот на Берлинскиот ѕид, проф. д-р Александар Стојков, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на тема - Кон подинамичен и поконкурентен приватен сектор и д-р Катерина Шапкова Коцевска, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на тема - Претприемништво, стартапи и ера на дигитализација. Поздравни обраќања имаа проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, продекан на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и г-дин Федерико Фернандез, претставник на Австрискиот економски центар (Виена, Република Австрија).

На 18 декември 2019 година Правниот факултет во коорганизација со Правната клиника за бегалци и TEPSA организираше работна маса со која се одбележа Меѓународниот ден на мигранти. Работната маса беше спроведена на англиски јазик, а темата на која излагачите ги посветија своите настапи беше - Intercultural dialogue combating the stigmatization of migrants/refugees. На самиот настан учествуваа претставници од Правен факултет, UNHCR – Skopje, IOM- International Organization for Migrations, MARRI – Migration, Assylum, Refugees Regional Initiative и MYLA-Macedonian Young Laweyrs Association. Настанот беше финансиски поддржан преку Europe for Citizens Програмата преку TEPSA Network во висина од 500 евра за организирање на настанот.

### ГОСТИ ПРЕДАВАЧИ

На 15 април 2019 година на Институтот за политички науки престојуваше делегација од 20-тина члена од Партијата на зелените во Австрија (Die Grune Bildungs-Werkstatt). Делегацијата беше примена од раководителот на институтот – проф.д-р Ненад Марковиќ и продеканката проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева, а се разговараше за тековните предизвици и проблеми со кои се соочува Република Македонија.

На 16 април 2019 година на Правниот факултет се одржа Master Class сесија на тема – истражувачко новинарство од проф. Миранда Спивак. На самиот настан беа пријавени и учествуваа 20-тина студенти од сите студиски програми на Факултетот. По успешното завршување на настанот, студентите добија соодветни сертификати.

Во периодот од 5 до 11 мај 2019 година на Институтот за политички науки престојуваше делегација со тројца професори (prof. Radoslaw Zenderovski, prof. Dr. Andrzej Rudowski, Dr. Bartosz Rydliński) од Институтот за политички науки при Универзитетот Кардинал Стефан Висински од Варшава. Престојот беше покриен преку средства од Еразмус програмата. За време на посетата тие одржаа предавања за студентите на англиски јазик на политички студии и остварија средба со Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, проф.д-р Горан Коевски.

Во летниот семестар во учебната 2018/2019 година на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје гостуваше проф. Миранда Спивак како гостински предавач на предметот „Теории на новинарството“ со лимитиран број на часови. Престојот беше организиран во рамки на Фулбрајт програмата.

Во текот на зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година гостински предавач на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беше Prof. d-r Tjaša Ivanc од Правниот факултет при Универзитетот во Марибор, Република Словенија. Проф. Иванц ја реализираше мобилноста преку програмата JR Mobilnost slovenskih visokošolskih učiteljev 2018–2021, а беше ангажирана на предметите Парнично право (задолжителен предмет) и Граѓанско процесно право на ЕУ (опционен предмет).

Во текот на летниот и зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година во својство на визитинг професор гостуваше проф. д-р Катерина Лируди, професор на Универзитетот Македонија во Солун, Грција. Проф. Лируди беше ангажирана на предметот Економика на интелектуалната сопственост на едногодишните и двогодишните студии од втор циклус по право на интелектуална сопственост со лимитиран број на часови.

Во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година за студентите по меѓународно право и казнено право беа одржани серија на часови преку онлајн платформа во рамки на програмата “Inter-University Video Lectures Program”, како дел од International Residual Mechanism for Criminal Tribunals. Студентите следеа вкупно 8 онлајн предавања како вонnаставна активност врз основа на склучен меморандум за соработка.

## СКОПСКО-ЗАГРЕПСКИ КОЛОКВИУМ

Во септември (од 12-15) 2019 година на Правниот факултет во Скопје се одржа Скопско-Загрепски колоквиум 2019. За таа цел гостуваше 10-члена делегација од Правен факултет при Универзитетот во Загреб, предводена од Деканот и продеканите. Делегацијата имаше работна средба со деканатот. Колоквиумот имаше работна сесија во Скопје во два панели - јавно и приватно право на кои учество земаа 21 учесник од областа на приватното право. За време на престојот, беше организирана посета на Охрид. По завршувањето на колоквиумот беше испратен повикот за објава на трудови од колоквиумот во зборник кој ќе биде печатен на македонски и на хрватски јазик во текот на пролетта 2020 година.

## СТУДИИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ДВОЈНА ДИПЛОМА)

Во месец октомври 2019 година, Наставно-научниот совет донесе одлука за прифаќање на понудата за учество на Правниот факултет во заедничката програма на мастер студии со двојна диплома „Студии за Југоисточна Европа“ со Универзитетот во Грац и повеќе други странски универзитети. Иницијативата е продолжение на претходниот проект за мастер студии кои беа спроведувани од Конзорциум на универзитети предводени од Универзитетот во Грац.

## МОБИЛНОСТ

Во рамки на Еразмус програмата за извештајниот период беа одобрени и реализирани две мобилности на наставен кадар и тоа: проф.д-р Татјана Зороска Камиловска, на Универзитетот во Павија, Италија, и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, на Универзитетот во Грац, Австрија. Во делот на гостински мобилности во извештајниот период, преку Еразмус програмата беше реализирана посета на Ass. iur. Mareike Fröhlich LL.M. од Europa-Institut, Universität des Saarlandes | Saarland University.

Во делот на студентска мобилност, на спроведениот конкурс за мобилност на студенти беа селектирани и предложени до Ректоратот вкупно три студенти кои ги исполнуваа условите и тоа: Виктор Бучковски (правни студии кон Универзитетот во Загреб), Антонио Несторовски (политички студии кон Универзитетот во Павиа) и Сара Поповска (правни студии кон Универзитетот во Загреб).

Потпишани се следниве Еразмус + договори: со Универзитетот во Варшава, Факултет за право и администрација; со Универзитетот во Братислава, Правен факултет; со Универзитетот на Азурна Обала, Ница, Виш Институт за Економија и менаџмент; со Универзитетот во Софија, Правен факултет; со Универзитетот на Катанија, Политички науки; со Универзитетот во Фиренца (Università degli Studi di Firenze) за политички науки и право.

Покрај тоа поднесени се барања до УКИМ и тековни преговори за потпишување на Еразмус договори се водат со: Јегелонскиот Универзитет, Факултет за право и администрација, Краков и Кадир Хас Универзитетот од Истанбул, Турција.

Во извештајниот период се потпишани Договори/Меморандуми за соработка со: Institute for political science, Faculty of History and Scoial Sciences, Cardinal Stephan Wyszynski University,Warsaw.

Потпишани се билатерални договори за соработка со Faculty of Law, University in Priština-Kosovska Mitrovica Institute for political science, Faculty of History and Scoial Sciences, Cardinal Stephan Wyszynski University, Warsaw.

## УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ, ЛЕТНИ ШКОЛИ, КОНФЕРЕНЦИИ И ДРУГИ НАСТАНИ

### НАТПРЕВАР ПО МЕЃУНАРОДНО ПРАВО "MOOT COURT COMPETITION PHILLIPE JESSUP", ВАШИНГТОН, САД

Откако минатата година ја освоија наградата за „Најдобар нов тим" (помеѓу 710 учесници) на најстариот, најголемиот и најпрестижниот натпревар на студентите од целиот свет во областа на правото - натпреварот „Moot Court Competition Phillip C. Jessup", на овогодинешните финални натпревари одржани од 31 март -7 април 2019 година во Вашингтон, студентската екипа на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав: Ванѓел Ѓеорѓиев, Ениса Рами, Кристијан Милошевиќ и Филип Јовиќ (подготвувани од проф.д-р Сашо Георгиевски и асс.д-р Љупчо Стојковски) направи извонреден успех освојувајќи го 56-тото место (од рекордни 730 учесници).

Со тоа, на пример, во конечното рангирање се најдоа недалеку од екипите на универзитетите од Кембриџ (47), Кејс-Вестерн – САД (48), Хамбург (53), или, Преторија (55), а пред оние на универзитетите Џорџ Вашингтон (66), Мадрид (73), Хелсинки (70), Токио (81), Торонто (85), или, францускиот Пантеон Пари II (105).

Како и минатата година, од регинот беше подобро пласирана само екипата од Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Софија (54), а нашата екипа беше рангирана пред Универзитетот Аристотели од Солун (62) и останатите екипи од регионот.

Пред финалните натпревари во Вашингтон се одржа пријателскиот натпревар Philip C. Jessup European – Friendlies во Лисабон со учество на 21 европски тим, каде што, по победите над тимовите од универзитетите од Виена, Малта, Кипар, Исланд и Летонија (во полу-финалето), екипата на Правниот факултет се пласираше во самото финале на натпреварот, во кое загубија од тимот од Универзитетот во Будимпешта, кој подоцна стана севкупен победник на завршните натпревари во Вашингтон победувајќи ја во финалето екипата од Универзитетот Колумбија, САД.

### WILLEM C. VIS INTERNATIONAL COMMERCIAL ARBITRATION MOOT

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со свој тим на студенти по 11-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа на арбитражното решавање на спорови. Натпреварот, по 26-ти пат се одржа во Виена, Австрија, во периодот помеѓу 12-18 април 2019 година, а на него учествуваа вкупно 379 тимови. На натпреварот, тимот на студенти од Правниот факултет по 5-ти пат успеа да обезбеди влез во финалните рунди на 64 најдобри универзитети во светот за меѓународно арбитражно право. Во генералните рунди, тимот беше рангиран на 35-то место во светот. Тимот го сочинуваа студентите на втор циклус правни студии: Петар Митрески, Марија Сидеровска, Атанас Аврамов и Моника Здравкова, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски во соработка со доц. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска (адвокат во адвокатско друштво "ПЕПЕЉУГОСКИ") и асс. м-р Љубен Коцев. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на три подготвителни натпревари и тоа: 16-17.2.2019 година – подготвителен натпревар во Зеница, Босна и Херцеговина (учествуваа вкупни 6 универзитети); 8-10.3.2019 година – подготвителен натпревар во Софија, Бугарија (учествуваа вкупно 10 универзитети); и 6-7.4.2019 – подготвителен натпревар во Белград, Србија (учествуваа вкупно 82 универзитети).

Средствата за учество на натпреварот во Виена беа обезбедени од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (трошоци за 6 авионски карти Скопје-Виена-Скопје и сместување за 2 наставници) и од домашни и странски адвокатски канцеларии (трошоци за котизација, учество на подготвителни натпревари, сместување за студентите).

Во извештајниот период започнаа подготовки и за 27-миот меѓународен натпревар по меѓународно арбитражно право, кој ќе се одржи во месец април 2020 година. Правниот факултет со свој тим на студенти учествуваше на подготвителниот натпревар организиран од страна на CLDP (USA), одржан на 20-23.02.2020 година. На подготвителниот натпревар кој се одржа во Зеница, Босна и Херцеговина, во конкуренција на 7 тимови од правните факултети од Босна и Херцеговина (Зеница, Сараево, Мостар), Хрватска (Загреб), Катар и Германија (Саарланд), тимот на Правниот факултет, го освои првото место. Студентката на вториот циклус студии, Христина Михајлоска беше прогласена за најдобар студент-адвокат на подготвителниот натпревар. Тимот оваа година е составен од студентите на вториот циклус правни студии: Христина Михајлоска, Софијана Маркоска, Филип Србиноски, Филип Зафировски, Ева Цветковска и Христијан Зафировски, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски во соработка со доц. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска (адвокат во адвокатско друштво “ПЕПЕЉУГОСКИ“) и асс. м-р Љубен Коцев.

## XII FRANKFURT INVESTMENT ARBITRATION MOOT

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со свој тим на студенти по втор пат учествуваше на меѓународниот натпревар од областа на решавање на инвестициските спорови. Натпреварот по 12-ти пат се одржа во Франкфурт, Германија, во периодот 4-8 март 2019 година, а на него учествуваа вкупно 113 тимови. На натпреварот, тимот на студенти од Правниот факултет рангиран беше на 22 место. Тимот го сочинуваа студентите на прв циклус правни студии: Филип Србиноски, Филип Зафировски и Христијан Зафировски, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски во соработка со доц. д-р Вангел Доковски. Средствата за учество на натпреварот беа обезбедени од страна на домашни и странски адвокатски канцеларии.

## WINTER SCHOOL ON ADR AND SKOPJE PRE-MOOT

Во периодот 20-22 ноември 2019 година, во просториите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се одржа зимска школа за инвестициска арбитража и подготвителен натпревар pre-moot за претстојниот натпревар Frankfurt Investment Arbitration Moot кој ќе се одржи во март 2020 година. Зимската школа и регионалниот подготвителен натпревар беа организирани во соработка на Правниот факултет со GIZ. На зимската школа и регионалниот подготвителен натпревар учествуваа студентските тимови од 5 факултети (правните факултети во Белград, Подгорица, Сараево, Зеница и Скопје), водени од нивните професори-тренери и организаторот на Frankfurt Investment Arbitration Moot, д-р Arne Fuchs. Работата на зимската школа беше организирана преку предавања и работилници на актуелни теми од инвестициската арбитража, а во рамките на подготвителниот натпревар, организирани беа вкупно 10 настапи на студентите на две прашања, кои ќе бидат дел од прашањата на кои ќе се одржи Frankfurt Investment Arbitration Moot. Тимот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беше рангиран како најдобар тим на подготвителниот натпревар. Тимот го сочинуваат студентите на прв циклус правни студии: Марија Крстева, Александар Колариќ, Теа Мицевска и Филип Ацевски, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски во соработка со доц. д-р Вангел Доковски и доц. д-р Марко Кртолица. Сите трошоци поврзани со организација на зимската школа и регионалниот подготвителен натпревар беа обезбеди од страна на GIZ.

## ALL EUROPEAN INTERNATIONAL HUMANITARIAN AND REFUGEE LAW, MOOT COURT COMPETITION

Помеѓу 20 и 24 ноември 2019 година во Љубљана, Словенија, се одржа натпреварот по меѓународно хуманитарно и бегалско право – All European International Humanitarian and Refugee Law, Moot Court Competition, на кој што учествуваше и тимот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Тимот беше составен од: Миа Георгиевска, Ивана Ажиевска и Атанас Аврамов, студенти на втор циклус студии по Меѓународно право и односи и право на ЕУ, под менторство на проф.

д-р Елена Михајлова Стратилати. Во рамките на овој натпревар, нашиот тим освои 11-то место. Трошоците за подготовката и учеството беа целосно покриени од страна на проектот Правна клиника за право на бегалци на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

## CEEPUS NETWORKS: ЛЕТНИ ШКОЛИ

Во текот на извештајниот период беше продолжена работата во рамки на мрежите на CEEPUS програмата во кои Правен факултет учествува две години: Мрежата за биоетика и мрежата за Етика и политика во европски контекст.

Летната школа „Universality and Particularity of Human Rights“ беше одржана на Универзитетот во Виена, Австрија од 18 јуни 2019 до 24 јуни 2019 година. На летната школа свое учество зема и Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Координаторот на CEEPUS проектот, мрежа за Биоетика – проф. д-р. Елена Игновска избра двајца редовни студенти (Андреј Гулабовски, број на индекс 47522 и Марија Малинова, број на индекс 47589) врз основа на нивниот постигнат успех, редовност и активност на часовите по предметот семејно и наследно право од четврти семестар правни студии, а кои се пријавија на повикот за учество на летната школа. Координаторот избра и еден наставник во наставно-научно звање (доц. д-р Христина Рунчева Тасев) во својство на предавач, а врз основа на избор на неколку теми за предавање од координаторите во Виена. За жал, учеството на наставникот на летната школа не се оствари поради здравствени причини.

Летната школа „European Union at the Crossroads. New Perspectives, Current Threats“одржана во периодот од 8-13 јули 2019 на Универзитетот во Букурешт, Романија. Од Правниот факултет учество зема Матеа Шошкиќ, студент, а трошоците беа покриени од страна на мрежата.

## 4-ТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ГЕНОЦИД: „СТОП ЗА НЕГИРАЊЕТО НА ГЕНОЦИДОТ И ХОЛОКАУСТОТ“

Група студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и оваа година зедоа активно учество на Меѓународната конференција за геноцид, под наслов „Стоп за негирањето на геноцидот и Холокаустот“ во организација на Здружението на жртви и сведоци од геноцидот и Движењето на Мајките од Сребреница и Жепа. Конференцијата се одржа во периодот од 20-21 јуни 2019 година во Сараево.

Ова е втора година како студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје учествуваат на годишната Меѓународната конференција за геноцид во Сараево, како дел од соработката помеѓу Здружението на жртви и сведоци од геноцидот на БиХ и Катедрата за меѓународно јавно право (проф. д-р Елена Михајлова Стратилати) во областа на меѓународното хуманитарно право и транзиционата правда.

На Конференцијата учествуваа студенти од БиХ, Македонија, Србија, Хрватска, Соединетите Американски Држави, кои имаат можност да слушнат истакнати членови на меѓународните организации и посебно Меѓународниот резидуален механизам за кривичните трибунали на ООН, академци, истражувачи и новинари. Целта на Конференцијата беше да даде придонес во борбата против негирањето на Геноцидот и Холокаустот, особено преку согледување на начините на структурално и организирано спротиставување на негирањето, со истакнување на оние држави, организации и останати кои даваа најдобра и најефикасна поддршка за спречување и осуетување на негаторите.

Учесници од Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје беа студентите: Александар Ташковски, Анита Лазарова, Драгана Бојковска, Александра Илкова, Андријана Спиревска и Изабела Апцева.

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

## ДЕЛОВНО-ТЕХНОЛОШКИ АКЦЕЛЕРАТОР

Деловно-Технолошкиот Акцелератор УКИМ ДОО Скопје, е основан во 2018 година со цел да ги открие и поддржи талентираните претприемачи и стартапи, да им помогне да ги унапредат компаниите и да гради просперитетен екосистем за иновации и претприемништво во Македонија. Акцелераторот УКИМ е основан од ентузијасти за стартапи и иновации, специјализирани во развој на нови: производи, технологија и бизнис.

Во соработка со најголемата академска средина и водечките организации за поддршка на бизнисот во земјата, се нудат неспоредливи локални знаења на стартапите да ги развиваат своите бизниси и ефикасно да конкурираат на домашниот и на извозниот пазар. Акцелераторот УКИМ на своите корисници им обезбедува техничко и бизнис знаење, пристап до финансии и најважното, поддршка во пристап до пазарот.

Акцелераторот УКИМ располага со инвестициски фонд од 530,000 евра и може да инвестира најмногу до 133,000 евра по компанија (инвестиции во сопственички капитал и/или задолжување). Во периодот 2019-2021 година, Акцелератор УКИМ може да инвестира во 10-на стартапи.

Акцелераторот УКИМ ја оствари следната меѓународна соработка и посети на: Дигитален самит на Западен Балкан, Белград, Србија (март 2019); Вебит Фестивал Европа, Софија, Бугарија (март 2019); Студиска посета на еко-системот за стартапи во Израел со цел запознавање со програмите за иновации во израелскиот екосистем за стартапи преку посета на 12 стартап центри (април 2019); АБЦ Акцелератор, Љубљана, Словенија: запознавање со нивното оперативно управување, предизвици и научени лекции (мај 2019); Инкубаторот на Универзитетот во Љубљана, Словенија: запознавање со нивното оперативно управување, предизвици и научени лекции (мај 2019); Саша Инкубатор Велење, Словенија: запознавање со нивното оперативно управување, предизвици и научени лекции (мај 2019); Развоен центар Искрател, Крањ (иновациско-технолошки центар и технолошки парк): преглед на остварената соработка со Елевејт Глобал (акцелериран  стартап на БАУ) и дефинирање на можностите за идна соработка во секторите телекомуникации и енергетика (мај 2019); Филружкапитал, Загреб, Хрватска: идентификување на можности за  заедничко/последователно инвестирање во стартапите на Акцелераторот УКИМ (мај 2019); ПОДИМ конференција, Марибор, Словенија (мај 2019); Спарк Ми конференција, Порто монтенегро Тиват Црна Гора (мај 2019); Тек Тур, Софија, Бугарија (мај 2019); l) ИЦТ Хаб, Белград, Србија (октомври 2019); Конференција Next Round Investment, Љубљана, Словенија (ноември 2019); Посета на институтот Јозеф Стефан, Љубљана, Словенија (ноември 2019).

## ПРОЕКТИ ВО МРЕЖАТА НА ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – SEELS (SOUTH EAST EUROPEAN LAW SCHOOL NETWORK - SEELS)

Во извештајниот период се имплементирани повеќе проекти во коишто е вклучен Факултетот, и тоа:  **1.** “Free Media 4 Western Balkans – Promoting Legal Education in the field of Media Law, Democratization and EU accession process”: едногодишен проект чија цел беше зголемување на свесноста за значењето на медиумските слободи со посебен осврт на развој на наставни програми преку развој на меѓународна мрежа н претставници од академската фела за истражување и настава од областа. Проектот таргетираше студенти и наставници од правните факултети членки на мрежата. Настани во рамки на проектот: 1. Regional Summer School “#FreeMedia4WesternBalkans” at the Faculty of Law in Split, Croatia,   2. Media Law Round Table in Skopje. Одговорно лице од страна на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ. **2.** SEE EU Cluster of Excellence in International and EU Law – како најголем проект на мрежата, продолжи да се имплементира заедно со партнерската организација - Saarland University, Europa Institut. Во моментот се спроведува петта година од проектот која вклучува серија на активности кои беа имплементирани: Summer Schools, E Learning trainings/workshops, Librarian Workshops, PhD Colloquiums, publications, Research Stays. Проектот беше продолжен за две дополнителни години и ќе заврши на крајот на 2020 година. Финансиран е од German Academic Exchange Service (DAAD). Во извештајниот период беа организирани следните настани: 1. PhD Colloquium 2019 (вообичаено се организира на крајот на годината, но оваа година тој се префрла за февруари 2020 година и ќе се одржи во Saarbrucken на Europa Institut); 2. Повик за истражувачки престој 2019 (Мрежата доби една позиција по секоја членка, вклучително за докторанди и наставници. Повикот беше објавен и селекцијата беше адекватно спроведена); Summer School on ”Current Issues in Human Rights Law” Europa Institut, Saarbrucken - 29th June to 6th of July 2019; 4. Librarian Cooperation Workshop – Saarbrucken, November 2019 (библиотекарите на сите институции членки на мрежата беа поканети да учествуваат и споделат искуства за тековни прашања поврзани со работата во библиотека и соработка. Одговорно лице од страна на Правен факултет

„Јустинијан Први“ во Скопје - доц. д-р Александар Спасов. **3.** Евалуација на проектот CABUFAL – во текот на летото 2019 година SEELS network аплицираше на надворешниот повик за евалуација на CABUFAL project кој беше имплементиран во изминатите три години од страна на Правен факултет при Униеврзитетот во Подгорица и ја доби можноста за евалуирање. Евалуацијата успешно заврши во септември 2019 година, со што заврши и самиот проект. **4.** Erasmus + Jean Monnet Support to Associations – Strengthening the EU Law Studies in SEE – проектот опфати зајакнување на EU Law Studies во ЈИЕ преку серија на активности кои беа имплементирани во рамки на мрежата. Една од главните цели беше реформатирање и подобрување на постојниот SEE Law Journal, креирање на веб платформа за забрзување на процесот и зголемување на информациите во јавност. Во дополнување на оваа публикација беа објавени 4 SEE Law Journals и беа организирани 24 EU Law days. Во 2019 година беа организирани следниве настани: 1. Editorial Board 2nd Meeting, Belgrade, October 2019; 2. EU Law Days being organized throughout the SEELS network, 2019. Одговорно лице од страна на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје беше проф. д-р Гордана Лажетиќ. Автори на трудови од страна на Правен факултет беа: проф.д -р Тони Дескоски и проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска на тема - Republic of Macedonia’s membership in EU and NATO in the light of the ICJ Judgment of 5 December 2011.

Во извештајниот период беа поднесени следниве апликации: **1.** Rule of Law - Alternative Dispute Resolution (ADR) - The Europa-Institute of the Saarland University заедно со South East European Law School Network (SEELS) и нејзините членови. Проектот доби позитивен одговор и ќе биде имплементиран во 2020 година. **2.** Western Balkans Fund - Ethics and professional responsibility in legal professions – legal education and training - проектот има за цел да ја фокусира анализата на стандардите во образованието и тренингот за етички стандарди во регионот на ЈИЕ, на правните факултети и на Академиите за судии и јавни обвинители. Проектот беше поднесен во ноември 2019 година и се очекуваат резултати во текот на пролетта 2020 година.

Во текот на 2019 година South East European Law School Network потпиша Grant Agreement со Правен факултет од Ниш за проектот “Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum seekers and Invisible persons without ID’s” во висина од 24.818 ЕУР. Имплементацијата на проектот ќе трае од 01.01.2020 до 01.12.2021 година.

## МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

## CABUFAL

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и оваа година учествуваше во активностите во рамки на CABUFAL проектот („Capacity Building of the Faculty of Law, University of Montenegro - curricula refreshment, boosting of international cooperation and improving human, technical and library resources”).

Во рамки на активностите беа организирани една средба на управниот одбор на проектот во Лондон во месец јуни 2019 година и една средба на одборот за квалитет во Подгорица во септември 2019 година и гостинска посета на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од страна на две претставнички на Правниот факултет при Универзитетот во Подгорица во месец јуни 2019 година.

## JEAN MONNET NETWORK – АКТИВНО ГРАЃАНСТВО: ПРОМОВИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНОВАТИВНИ ДЕМОКРАТСКИ ПРАКТИКИ НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН

Со одлука на Наставно-научниот совет, од септември 2018 година, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се вклучи во конзорциумот на проектот „Активно граѓанство: промовирање и унапаредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан“, при програмата Jean Monnet Network. Во рамките на проектот „Активно граѓанство: промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан“, професори од политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје учествуваа во две работилници врзани за тематиката на проектот, а подготвија и научен труд

кој произлезе од првата, иницијална сесија на проектот одржана на Правниот факултет во декември 2018.

Првиот настан се одржа на 14 и 15 март 2019 година на Универзитетот во Торино, Република Италија. На овој настан учество земаа проф. д-р Ненад Марковиќ и проф. д-р Иван Дамјановски. Настанот беше замислен како работилница на која беа поканети и реномирани предавачи, со работен наслов „Конфликт и демократија: демократски иновации и инклузивен конфликт менаџмент". Во текот на самиот настан проф. д-р Ненад Марковиќ одржа презентација на тема „Социјален капитал и јавна партиципација".

Вториот настан се одржа на „Карл Франценс" универзитетот во Грац, Република Австрија од 28 до 29 мај 2019 година. И овој настан беше замислен како работилница со конференциски дел со наслов „Демократски иновации во Европа и грасрут иницијативите на Западниот Балкан". На овој настан учество земаа проф. д-р Ненад Марковиќ, проф. д-р Иван Дамјановски и проф. д-р Зоран Илиевски.

Како трета активност која е вредна за одбележување во 2019 година во рамките на проектот е и подготвувањето на обемниот истражувачки труд под наслов „Социјални движења, активно граѓанство и демократски иновации: преглед" во кој на 24 страни авторите (проф. Марковиќ, проф. Дамјановски, проф. Илиевски) се обидуваат да ја утврдат врската помеѓу овие три теоретски концепти во рамките на теоретските расправи во полето на политичката наука. Овој труд е делумно и резултат на дискусиите на учесниците на иницијалната сесија на проектот одржана на Правниот факултет од 5 до 7 декември 2018 година.

## ПОДГОТОВКА НА АПЛИКАЦИИ НА МЕЃУНАРОДНИ ПОВИЦИ

### ПОВИЦИ НА ПРОГРАМАТА НА ЕРАЗМУС+

На 3.12.2019 година со Решение на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје беше фомирана работна група за изработка на апликација на Правниот факултет за меѓународен проект во рамки на програмата Еразмус во состав, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Бобан Мисоски, доц. д-р Вангел Доковски, доц. д-р Марко Кртолица и доц. д-р Денис Прешова. Работната група одржа три состаноци и тоа на 6, 17 и 26 декември 2019 година на кои беа разгледани сите објавени повици за проекти во рамки на програмата и беа идентификувани две потенцијални можности. По консултација за идните чекори, а особено во врска со партнерските организации и институции, работната група предложи да се остави повеќе време за подготовка на проект со план, апликацијата да биде доставена за нареден повик во рамки на истата програма или друг повик во текот на 2020 година.

### ПОВИК НА УНДП

Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје беше поканет да учествува на тендер објавен од УНДП за развој и спроведување програма за едукација на новинари од областа на правото на ЕУ и ЕУ интеграциите. Во развојот на проектот учествуваа проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Неда Здравева и проф. д-р Иван Дамјановски. Изготвениот проект предвидуваше одржување серија обуки на релевантни теми со учество на голем број наставници на Факултетот и на стручњаци од практиката. Поднесениот проект од Факултетот не беше избран. Во текот на подготовката на проектот се констатираше дека Факултетот како институција нема доволно референци за самостојно учество на повици од ваков вид, иако наставниот кадар е вклучен во бројни проекти за развој на знаења и вештини.

## НАСТАНИ, СВЕЧЕНОСТИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ

### ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС ВО УЧЕБНАТА 2019/2020

На 1 октомври 2019 година во аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се организираше прв академски час со кој што свечено се отвори новата учебна година. На првиот академски час се обрати проф. д-р Горан Коевски, декан.

Со цел на студентите да им се приближат професиите коишто ќе ги имаат по завршувањето на студиите, на првиот академски час, со мотивациски говори се обратија алумни на

Факултетот, успешни професионалци во својот домен, и тоа, во областа право се обратија: г-дин Васил Кузмановски, претседател на Нотарската комора на РСМ и д-р Орде Ѓорѓиоски, директор на правни и општи работи, Витаминка АД Прилеп; и во областа новинарство: г-дин Васко Попетревски, новинар, главен и одговорен уредник на емисијата „360 степени", ТВ „Алсат". Потоа, следуваше свечено врачување индекси на 10 најдобро рангирани бруцоши.

Потоа, во Свечениот амфитеатар 1 на Факултетот, на бруцошите им беа презентирани студиските програми од страна на проф. д-р Горан Коевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, проф. д-р Ненад Марковиќ, раководител на институтот за политички науки и проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, раководител на институтот за новинарство, медиуми и комуникации и односи со јавност. За студентскиот живот и можностите за вклучување во студентски организации пред бруцошите зборуваше Ева Цветковска, студент на правни студии, по што им беа врачени индексите на бруцошите.

Следеше неформално дружење на наставниците, соработниците и студентите со бруцошите, како и информативна сесија за бруцошите во аулата на Факултетот во организација на студентите и презентација на студентските организации и правните клиники на Факултетот.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 10 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ

На 10 декември 2019 година се одржа Свечена седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје по повод 10 декември - Меѓународниот ден на правата на човекот. На седницата свои обраќања имаа проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје и проф. д-р Горан Коевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Следуваше предавање на тема: "Enhancing Public Resistance to "Fake News": A Review of the Problem and Strategic Solutions", од страна на проф. д-р Боби Иванов, професор на Колеџот за комуникации и информации при Универзитетот во Кентаки.

Потоа, проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд го промовираше Годишникот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков. Следуваше настапот на најдобриот оратор, Стефан Солев, студент на Економскиот факултет во Скопје, кој на XXIII ораторска вечер „Иво Пухан" што се одржа на 5 декември 2019 година на нашиот Факултет, доби прва награда од жирито, како и специјална награда „Бранко Ѓорчев" за најдобар сценски настап. Потоа, беа доделени пофалници и благодарници кои Факултетот традиционално ги доделува на студентите и на нивните ментори за учество на престижни натпревари.

За учество на Willem c. Vis International Commercial Arbitration Moot 2019, Деканот додели пофалници на: Петар Митрески, Марија Сидеровска, Моника Здравкова и Атанас Аврамов; како и на: Христијан Зафировски, Филип Зафировски и Филип Србиноски, за учество на Frankfurt Investment Arbitration Moot 2019. Беа доделени благодарници на нивните ментори: проф. д-р Тони Дескоски, доц. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска и асс. м-р Љубен Коцев. Исто така, беа доделени и благодарници на адвокатските друштва кои дадоа поддршка за учество на нашите студенти на овие два престижни натпревари, и тоа, на: Адвокатско друштво Никола Додевски, Адвокатско друштво Пепељугоски, Адвокатско друштво Трпеноски и на Адвокатска канцеларија м-р Никола Лазаров.

За учество на LX$^{th}$ Philip C. Jessup International Law Moot Court Competition, како и за освоено 2-ро место на Jessup European Friendly што се одржа во Лисабон, деканот, проф. д-р Горан Коевски, врачи пофалници на студентите: Ениса Рами, Кристијан Милошевиќ, Филип Јовиќ и Ванѓел Ѓорѓиев; како и благодарници на нивните ментори: проф. д-р Сашо Георгиевски и асс. д-р Љупчо Стојковски.

Следуваше доделување пофалници на студентите за освоено трето место на Moot Court по Деловно право "Big Deal 2019" што се одржа на Правниот факултет во Крагујевац на 28 и 29 ноември 2019 година. Пофалници добија: Никола Германов, Никола Мурџев, Елена Котевска, Елена Јаман и Моника Здравкова, а благодарници беа доделени и на нивните ментори: проф.д-р Димитар Гелев и проф. д-р Биљана Петревска, како и на Адвокатското друштво Дебарлиев, Дамески, Ќелешоска – DDK за поддршката за учество на студентите на овој натпревар.

На Универзитетската лига на УКИМ 2019 година, наши студенти освоија први места. Деканот им додели пофалници на студентките кои беа дел од нашата ракометна репрезентација во женска конкуренција која освои прво место на Универзитетската лига на УКИМ 2019 година, и тоа: Александра Анчевска, Бранкица Марковиќ, Елена Трајковска, Маја Китановска, Олгица Костовска, Пена Граматова, Сара Стефановска, Тамара Србиновска, Теодора Гулицоска и Теодора Тошевска. Во дисциплина стрелаштво: Нина Балабан освои прво место, а Стефан Павловски освои трето место на Универзитетската лига на УКИМ 2019 година, за што деканот, проф.д-р Горан Коевски, им врачи пофалници.

Деканот, проф. д-р Горан Коевски, додели благодарници на нашите професори кои ги подготвуваа и ги координираа студентите за учество на Универзитетската лига на УКИМ 2019 година: проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Владо Бучковски, асс. м-р Илија Манасиев и на студентката Кристина Милановиќ.

Потоа, следуваше проекција на филм "Dying for Europe", како дел од глобалниот филмски фестивал за миграции во организација на ИОМ Скопје (меѓународна организација за миграции).

## XXIII ОРАТОРСКА ВЕЧЕР „ИВО ПУХАН"

XXIII Ораторска вечер „Иво Пухан" традиционално се одржа на 5 декември 2019 година, во Свечениот амфитеатар 1 на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со почеток од 19 часот. На финалето настапија 10 говорници, студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За победник беше прогласен Стефан Солев, студент на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кој доби прва награда од жирито, како и специјална награда „Бранко Ѓорчев" за најдобар сценски настап, со говор на тема „Сите лица на Револуцијата". Второто место го освои студентот на Филозофскиот факултет, Филип Марковски, со говор на тема „Lingua Latina", додека третото место го освои Христијан Наумовски, студент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со говор на тема „Еманципација на трудот".

По објавениот повик за пријавување, кој беше отворен за сите студенти на УКИМ, се пријавија 19 кандидати, од кои на полуфиналето беа избрани 10 говорници. Ментори на пријавените кандидати беа: проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Гоце Наумовски, доц. д-р Есин Кранли Бајрам и доц. д-р Тимчо Муцунски. Сите финалисти работеа на своите говорнички вештини и со актерот Дејан Лилиќ.

Поддршка на XXIII Ораторска вечер „Иво Пухан" даде Ректоратот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

## ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМЦИ И МАГИСТРИ

На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во Свечениот амфитеатар 1, во мај и во декември 2019 година беа одржани две свечени промоции на магистрирани и дипломирани студенти.

На свеченостите беа промовирани магистрирани студенти на следниве студиски програми: Административно право и јавна администрација, Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право, Деловно право, Казнено право, Корпоративно право, Меѓународно право и меѓународни односи и право на ЕУ, Односи со јавност, Право на интелектуална сопственост, Политички студии - Дипломатија и меѓународни односи, Политички студии - Европски институции и политики, Политички студии - Применета политика, Уставно право и Финансии и финансово право. На свеченостите присуствуваа и ги поздравија магистрираните студенти раководителите на соодветните студии: проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Димитар Гелев, проф. д-р Дејан Мицковиќ, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, проф. д-р Александар Климовски, проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф. д-р Марика Ристовска, проф. д-р Гоце Наумовски, проф. д-р Иван Дамјановски, проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска и доц. д-р Есин Кранли Бајрам. Исто така, беа промовирани дипломирани студенти од правни студии, политички студии, новинарство и односи со јавноста.

На 29 мај 2019 година деканот, проф. д-р Горан Коевски, промовираше 103 магистрирани студенти на Факултетот, како и 176 дипломирани студенти на правни студии, 14 дипломирани

студенти на политички студии, 18 дипломирани студенти на студиите по новинарство и 16 дипломирани студенти на студиите по односи со јавноста.

На 26 декември 2019 година, деканот, проф.д-р Горан Коевски, промовираше 86 магистрирани студенти, како и 59 дипломирани студенти на правни студии, 17 дипломирани студенти на политички студии, 4 дипломирани студенти на студиите по новинарство и 6 дипломирани студенти на студиите по односи со јавноста.

## АКТИВНОСТИ ЗА ДОНАЦИИ

## ДОНАТОРСКА ЗАБАВА

На 28 мај 2019 година со почеток во 18 часот, во аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се одржа првата донаторска забава на алумни заедницата и заедницата на пријатели на Факултетот. Донаторската забава беше наменета за собирање средства за унапредување на факултетските простории наменети за студентите - читалната, амфитеатрите, предавалните и слично.

Повеќе од стотина поранешни студенти на Факултетот и на Универзитетот, сега носители на високи политички функции, истакнати адвокати, нотари и извршители, успешни менаџери во деловниот сектор, се собраа на оваа забава за да се навратат на студентските денови и да ги поддржат активностите на Факултетот за унапредување на условите за студирање. Забавата се организираше по примерот на воспоставените практики на светските универзитети каде алумни заедницата е голем и силен поддржувач на активностите на младите генерации.

Беа направени најави за донации од околу 2 милиони денари за унапредување на студентските простории на Факултетот.

Во насока на транспарентност и отчетност во користењето на средствата се формираше донаторски одбор во кој што членуваат најголемите донатори, а од оваа донаторска забава тоа се: Еуролинк осигурување АД кое донираше 900.000,00 денари, г-а Олга Костовска, претседателка на Надзорниот одбор на Еуролинк Осигурување АД која лично донираше 300.000,00 денари, г-а Анѓелка Пеева Лауренчиќ, директорка на ImagePR која донираше 100.000,00 денари, Адвокатско друштво „Поленак“ кое донираше 90.000,00 денари и СИГМА Дооел Прилеп кое донираше 80.000,00 денари.

Факултетот изрази благодарност на сите донатори за одзивот и несебичното враќање кон заедницата. Ова е само еден од низата настани што Факултетот ќе ги организира за алумни заедницата со цел да ги зајакне врските со неа.

## ДОНАЦИИ ВО СРЕДСТВА/УСЛУГИ

Во рамки на активностите за собирање средства за унапредување на факултетските простории наменети за студентите (амфитеатри, предавални и сл.), како и обезбедување средства за набавка на нагледни средства за непречено одвивање на наставата, беа обезбедени соодветни донации.

Од ЕЛЕМ, Електрани на Македонија беше обезбедена донација во износ од 180.000,00 денари со кои беа набавени пет проектори кои се монтирани во амфитеатрите во кои не беа функционални старите проектори.

Од Халкбанк АД Скопје беа обезбедени молерофарбарски услуги за три предавални, и тоа, за предавалните бр. 4, 5 и 10 со површина од близу 300 м2.

## ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИ

Во периодот февруари-март 2019 година се организираа промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во средните училишта низ државата, а со цел привлекување на идни студенти. Промотивни активности се спроведоа во следните средни училишта во Скопје: „Никола Карев“, „Раде Јовчевски Корчагин“, „Јосип Броз Тито“, „Орце Николов“, „Панче Арсовски“, „Георги Димитров“, „Васил Антевски - Дрен“, „Кочо Рацин”, „Зеф Љуш Марку”, „Цветан Димов”, „Здравко Цветковски”, „Браќа Миладиновци”, „Марија Кири Склодовска”, како и во средните училишта во Битола, Струмица, Штип, Велес.

На 22 август 2019 година во периодот од 18 до 22 часот, а со цел привлекување на идни студенти, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје учествуваше на отворениот ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ што се одржа на Плоштадот во Скопје.

Во активностите и сите организациони подготовки неопходни за промотивните активности на Факултетот учествуваа следниве вонредни професори, доценти, асистенти и асистенти-докторанди: проф.д-р Александра Груевска Дракулевски (координатор на сите активности), проф.д-р Неда Здравева (координатор на тим), проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф.д-р Александар Стојков, проф.д-р Мишо Докмановиќ (координатор на тим), проф.д-р Ненад Марковиќ, проф.д-р Ангел Ристов, проф.д-р Дарко Спасевски, проф.д-р Елена Михајлова Стратилати, проф.д-р Драган Гоцевски, проф.д-р Биљана Петреска, проф.д-р Лазар Јовевски (координатор на тим), проф.д-р Дивна Илиќ Димоски, проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска (координатор на тим), проф.д-р Александар Спасеновски (координатор на тим), проф.д-р Јелена Трајковска Христовска (координатор на тим), проф.д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф.д-р Иванка Василевска (координатор на тим), проф.д-р Ненад Гавриловиќ, проф.д-р Иван Дамјановски, проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова, проф.д-р Јован Зафироски, проф.д-р Бобан Мисоски (координатор на тим), проф.д-р Васко Наумовски, проф.д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф.д-р Милка Ракочевиќ (координатор на тим), доц.д-р Милена Апостоловска Степаноска, доц.д-р Вангел Доковски (координатор на тим), проф.д-р Елена Игновска, доц.д-р Есин Кранли Бајрам, доц.д-р Елена Нешовска Ќосева, доц.д-р Александар Ристовски (координатор на тим), доц.д-р Христина Рунчева Тасев, доц.д-р Илина Ценевска (координатор на тим), проф.д-р Ана Чупеска Станишковска (координатор на тим), доц.д-р Александар Спасов, доц.д-р Катерина Шапкова Коцевска, доц.д-р Илија Руменов, асс.м-р Илија Манасиев, доц.д-р Тимчо Муцунски, доц.д-р Марко Кртолица, д-р Љупчо Стојковски, асистент-докторанд.

Исто така, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје учествуваше и на настанот „Запознај го УКИМ“ во организација на Здружението на граѓани Младите можат – Скопје, со поддршка на Агенцијата за млади и спорт, а во рамки на проектот „Кариерен пат: направи го првиот чекор“, што се одржа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје, на 2 ноември 2019 година (сабота) во периодот од 14 до 16 часот, а со цел привлекување на идни студенти. Задолжени да учествуваат во активностите и сите организациони подготовки неопходни за промотивните активности на Факултетот беа: доц.д-р Вангел Доковски и доц.д-р Марко Кртолица.

## ИЗДАВАШТВО

### МОНОГРАФИИ, ЗБОРНИЦИ И ГОДИШНИЦИ

Во извештајниот период Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје го издаде и изврши промоција на: Годишникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков – том 58, Скопје – 2018 година.

Во извештајниот период беа објавени и следниве публикации:Практикум по меѓународно приватно право / Т. Дескоски – учебно помагало; Економика – втор дел – макроекономика / В. Кандикјан, А. Стојков, К. Шапкова Коцевска - учебник; Book of Abstracts - Годишна конференција 8-9 ноември 2019, Зборник на трудови од конференцијата, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје; Практикум по парнично право / Т. Зороска Камиловска, М. Ракочевиќ – учебно помагало; Право на Европска Унија за заштита на животната средина / И. Ценевска – учебно помагало.

### БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во извештајниот период ги извршуваше планираните тековни задачи согласно Правилникот за работа на Библиотеката и тоа: обезбдување комплетни библиотечни услуги за своите корисници (студентите, постдипломците, докторандите и вработените). Зголемен е бројот на барањата за пребарување на литература од страна на корисниците, особено барањата за пребарување по клучни зборови и според содржина на литературата.

Во извештајниот период набавени се вкупно 200 наслови. Нивната структура е следната: подарени книги 56, купени книги 0, магистерски и докторски трудови 144. Голем број на книги чии автори се професори од Факултетот, издадени во 2019 година и во претходните години, сè уште не се набавени. Вкупниот библиотечен фонд на книги во Библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“ заклучно со 31.12.2019 година е 44821 наслови. Вкупниот фонд на списанија и весници во Библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“ заклучно со 31.12.2019 година е 569 наслови. Во извештајниот период, Библиотеката има набавено списанија само преку размена и донации и тие се во незначителен број (Anali Pravnog Fakulteta u Beogradu, Nova Pravna Revija – Sarajevo, Zbornik Znanstvenikh Razprav – Ljubljana, Zbornik Pravnog Fakulteta u Zagrebu, Politichka misao - Zagreb, Pravni zapisi – Beograd, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Mostaru, Lex Localis – Maribor). Размената е главно со годишници и зборници на Правниот факултет „Јустинијан Први“ со други правни факултети од балканскиот простор кои се заинтересирани за литература на македонски јазик. Факултетот нема набавено книги и учебници од професори од Факултетот кои би ги понудиле за размена со други факултети и институции во земјата и странство.

Библиотеката е претплатена на весниците: Коха, Нова Македонија, Слободен печат и Службен весник на РСМ. Библиотеката нема пристап до е-бази. Каталогизацијата на библиотечниот материјал се врши на компјутерски начин, со напомена дека нема печатен каталог на обработениот библиотечен фонд – недостаток на софтверскиот пакет кој е многу битен сегмент.

## ЕЛЕКТРОНСКОТО СПИСАНИЕ IUSTINIANUS PRIMUS LAW REVIEW

Електронското списание *Iustinianus Primus Law Review* е основано на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2010 година (http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/). Од неговиот почеток до денес, објавува со динамика на два броја годишно, броејќи 20 броја вкупно. Во текот на академската 2018/2019 година беа објавени два броја (19-тиот и 20-тиот), а веќе следниот е во подготовка и се планира да излезе во февруари 2020 година. Списанието ја задржа веќе воспоставената добра традиција да објавува квалитетни трудови, рецензирани од анонимни рецензенти и има меѓународен уредувачки одбор, како и публика. http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/CorrespondingMembers.php).

И во текот на оваа година списанието го задржа својот отворен пристап, а сè со цел да дистрибуира информации, анализи и критичко размислување до пошироката читателска публика. Во текот на оваа година, продолжува добрата практика списанието да може да биде пребарувано во датотеката на EBSCO библиотеката, а со задоволство може да наведеме дека од оваа година сите изданија на списанието се индексирани и во датотеката на HEIONLINE библиотеката. Постапката на евалуација од научно истражувачката платформа на Web of Science сè уште е во тек.

## СТУДЕНТСКИ ИЗБОРИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Со Одлука бр. 03-1342/1 од 29.10.2019 година, Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 29.10.2019 година, распиша избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Со Одлуката се именуваше Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во следниот состав: 1. Проф. д-р Јелена Трајковска Христовска; 2. Асс. д-р Денис Прешова; 3. Тамара Глушкина, студент на прв циклус студии, запишана во III година, во V семестар, на студиската програма – правни студии, со број на индекс 47428; 4. Панче Патоски, студент на прв циклус студии, запишан во III година, во V семестар, на студиската програма – политички студии, со број на индекс 2770п; 5. Никола Германов, студент на втор циклус студии, запишан во IV година, во VII семестар, на студиската програма – правни студии, насока деловно право, со број на индекс 47005. Со Исправка на Одлуката бр. 03-1342/2 од 1.11.2019 година се именуваше Филип Ѓоршевски, студент на прв циклус студии, апсолвент, на студиската програма – студии по новинарство, со број на индекс 2999н, за член на Изборната комисија на местото на студентот Никола Германов. Исто така, со Исправката на Одлуката се предвиде Изборната комисија да утврди правила за: - начинот на нејзината работа при

спроведувањето на изборната постапка/и; - утврдување листа на предложени кандидати врз основа на претходна проверка дали кандидатите ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во Факултетското студентско собрание и донесува одлука.

Изборната комисија за спроведување на изборите на 11.11.2019 година донесе Правила за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје кои се објавени на веб страната на Факултетот. Изборната комисија на 14.11.2019 година донесе Одлука за констатирање на исполнување, односно неисполнување на условите на предложените кандидати за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, а избирачкиот список за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" беше достапен на увид до 25.11.2019 година (понеделник), со тоа што секој студент можеше да изврши увид во избирачкиот список и да побара исправка или дополнување на избирачкиот список, со поднесување на барање преку Архивата, најдоцна до 25.11.2019 година до 12 часот.

Поради утврдена состојба на помал број поднесени и констатирани кандидатури од бројот на претставници кои се бираат на соодветните студиски години/студиски програми/циклуси, Изборната комисија го продолжи рокот за поднесување на кандидатури до 20.11.2019 (среда) до 12 часот преку Архивата на Факултетот, по што донесе Одлука за констатирање на исполнување, односно неисполнување на условите на предложените кандидати за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Изборната комисија на 14.11.2019 година донесе Решение за именување на членови и заменици членови на избирачки одбори за спроведување на постапката на тајното гласање за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во следниот состав: гласачко место број 1: доц. д-р Есин Кранли Бајрам, член на избирачки одбор, доц. д-р Марко Кртолица, заменик член на избирачки одбор, Марко Гулевски, студент, член на избирачки одбор, Дамјан Темелкоски, студент, член на избирачки одбор; гласачко место број 2: проф. д-р Јован Зафироски, член на избирачки одбор, доц. д-р Илија Руменов, заменик член на избирачки одбор, Софија Илиевска, студент, член на избирачки одбор, Марија Делева, студент, член на избирачки одбор; гласачко место број 3: проф. д-р Бобан Мисоски, член на избирачки одбор, доц. д-р Вангел Докоски, заменик член на избирачки одбор, Елена Ристеска, студент, член на избирачки одбор, Лазар Трајковиќ, член на избирачки одбор.

Изборите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание се одржаа на 28.11.2019 година (четврток), во Аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во период од 8:30 часот до 16:30 часот.

Изборната комисија на 4.12.2019 година објави Конечни резултати од изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание одржани на 28.11.2019 година. Во прилог резултатите од спроведените избори. *Избори за претседател на Факултетското студентско собрание*: 1. Игор Миланов – индекс 46553 - 155 гласови, 2. Кристијан Зумровски – индекс 76м - 187 гласови. Изборната комисија го констатираше изборот на Кристијан Зумровски за претседател на Факултетското студентско собрание. *За членови на Факултетското студентско собрание се избрани*: Претставници во Факултетското студентско собрание *од правни студии – прва година* се: 1. Александар Темелковски – индекс 48317, 2. Александра Петровска – индекс 48321, 3. Борис Шамбевски – индекс 48246, 4. Јован Буровски – индекс 48415, 5. Кален Арнаудоски – индекс 48423, 6. Катерина Иванова – индекс 48322, 7. Лора Захариевска – индекс 48225, 8. Марија Деловска – индекс 48268, 9. Мартина Страшеска – индекс 48279, 10. Милијана Богданоска – индекс 48420 11., Теодора Тодорова – индекс 48390. Претставници во Факултетското студентско собрание *од правни студии – втора година* се: 1. Александар Милошевиќ – индекс 47798, 2. Христина Балканов – индекс 47837, 3. Викторија Костадиноска – индекс 47868, 4. Стефанија Кржеска – индекс 47923, 5. Симеон Јанев – индекс 48038, 6. Арбен Мемети – индекс 48037, 7. Ана Угрова – индекс 47809, 8. Филип Блинцов – индекс 47896. Претставници во Факултетското студентско собрание *од правни студии – трета година* се: 1. Ејуп Ќазими – индекс 47457, 2. Оливер Видиков – индекс 47673, 3. Умејр

Мухамеди – индекс 47667, 4. Милена Јаневска – индекс 47453, 5. Андреј Гулабовски – индекс 47522, 6. Христина Трајковска – индекс 47363, 7. Ангела Митеска – индекс 47533, 8. Омер Ајрули – индекс 47705. Претставник во Факултетското студентско собрание *од политички студии – прва година (на македонски јазик)* е: 1. Кире Јованов – индекс 2833п. Претставник во Факултетското студентско собрание *од политички студии – трета година (на македонски јазик)* е: 1. Сања Димовска - индекс 2729п. Претставник во Факултетското студентско собрание *од политички студии – прва година (на англиски јазик)* е: 1. Ива Наскова – индекс 71па. Претставник во Факултетското студентско собрание *од политички студии – втора година (на англиски јазик)* е: 1. Ѓорѓи Горгиев – индекс 61па. Претставник во Факултетското студентско собрание *од политички студии – трета година (на англиски јазик)* е: 1. Леонита Поповска – индекс 52па. Претставник во Факултетското студентско собрание *од студии по новинарство – втора година* е: 1. Георги Божиновски – индекс 3030н. Претставници во Факултетското студентско собрание *од втор циклус на студии на сите студиски програми* на Факултетот се: 1. Александар Ташковски – индекс 45544, 2. Билјана Јанева – индекс 2491п, 3. Борјан Ефтимов – индекс 46564, 4. Вероника Пржиовска – индекс 75м, 5. Димитар Тромбевски – индекс 46365, 6. Душко Дончев – индекс 45263, 7. Ева Цветковска – индекс 114м, 8. Елена Нацевска – индекс 46584, 9. Иван Коцев – индекс 46471, 10. Константин Велкоски – индекс 46м, 11. Никола Лабовиќ – индекс 34м, 12. Пепица Честојнова – индекс 46059, 13. Софијана Марковска – индекс 102м, 14. Стојан Николов – индекс 46350, 15. Филип Стојковски – индекс 2542п, 16. Христијан Зафировски – индекс 110м. Претставници во Факултетското студентско собрание *од трет циклус на студии на сите студиски програми* на Факултетот се: 1. Андриана Матлиоска - индекс 100/120, 2. Ирена Шуменковска - индекс 200/23.

Врз основа на одржаните избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, одржани на 28.11.2019 година и конечните резултати од изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, објавени на 4.12.2019 година на веб страната на Факултетот, Деканот, проф. д-р Горан Коевски свика конститутивна седница на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 5.12.2019 година (четврток) со почеток во 16 часот во Амфитеатар 8 на Факултетот.

Може да се заклучи дека изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се одржаа согласно правилата, без никакви проблеми.

Согласно член 33 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први”, ФСС за претставници во Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први”во Скопје ги избра: 1.Катерина Иванова – индекс 48322; 2.Ејуп Ќазими – индекс 47457; 3.Умејр Муамеди – индекс 47667; 4.Милена Јаневска – индекс 47453; 5.Сања Димовска – индекс 4729п; 6.Димитар Тромбевски – индекс 46365; 7.Арбен Мемети – индекс 48037 и 8.Кристијан Зумровски – индекс 76м.

Согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, претседателот на ФСС, Кристијан Зумровски е член на Деканатската управа на Факултетот.

Согласно член 11, став 1, алинеја 4 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, ФСС за претставници на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје ги именува: 1. Борјан Ефтимов – индекс 46564 и 2. Георги Божиновски – индекс 3030н.

Примарнита задача на Факултетското студентско собрание е активно залагање за студентите на Факултетот преку позитивни промени, поттикнување на комуникација и вклученост, олеснување на комуникацијата и интеракцијата меѓу студентите, администрацијата и Факултетот, како и квалитетно студентско образование и подобар студентски живот.

## ЕУРОЛИНК СТИПЕНДИИ ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Како резултат на долгогодишната соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Еуролинк осугурување А.Д. – Скопје, шеста година по ред со над 130 стипендирани студенти, Еуролинк осигурување и во извештајниот период, додели вкупно 30 Еуролинк стипендии наменети за студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при УКИМ, од кои 5 стипендии за студентите на додипломски студии (прв циклус студии) во поединечна вредност од 40.000,00 денари и 25 стипендии за студентите на постдипломски студии (втор циклус студии) во поединечна вредност од 60.000,00 денари.

Согласно Конкурсот за Еуролинк стипендија, процесот на аплицирање се одвиваше во периодот од 23.5.2019 година до 31.10.2019 година.Во овој период во архивата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје беа доставени вкупно 80 пријави, од кои 12 за стипендии за прв циклус студии и 68 за стипендии за втор циклус студии.

Комисијата за евалуација на доставените пријави по објавен Конкурс за Еуролинк стипендија, во состав: проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Неда Здравева, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Ана Чупеска Станишковска и доц. д-р Александар Спасов, а формирана со Одлука на Еуролинк осугурување А.Д. Скопје, констатираше дека сите 80 пријави се уредно доставени, по што пристапи кон евалуација на пријавите. Секој од членовите на Комисијата ги разгледа и оцени пристигнатите пријави според следните критериуми: оценка за успех: според просекот од 8.51 до 10,00; оценка на есеј: според оценка на евалуаторот од 1 до 10, при што се оценуваа поставеност на теза, аргументација, познавање на темата, организација, стил и формат на изразување; оценка на биографија: според оценка на евалуаторот од 1 до 5 при што предвид се земаа воншколски активности (учество на обуки, семинари, конференции), проекти, волонтирање, стажирање и сл.

Секој од кандидатите може да освои максимум 25 поени од евалуатор, а врз основа на збирниот број поени од сите евалуатори се направи прелиминарна ранг листа која Комисијата ја достави до давателот на стипендијата, Еуролинк осигурување А.Д. Скопје. Конечниот избор на стипендисти на Еуролинк стипендија за извештајниот период го направи Еуролинк осигурување А.Д. Скопје. Беа доделени стипендии на следниве студенти - стипендисти на додипломски студии: 1. Ема Стојановска, 2. Анастазија Велкова, 3. Викторија Костадиноска, 4. Димитриј Настевски и 5. Христијан Наумовски и на следниве студенти - стипендисти на постдипломски студии: 1. Магдалена Недановска, 2. Стефан Цветковски, 3. Симона Томчевска, 4. Ивана Ажиевска, 5. Лејла Тутиќ, 6. Бојана Ацевска, 7. Милица Димова, 8. Анита Николовска, 9. Атанас Аврамов, 10. Христијан Кипровски, 11. Анастасија Великоска, 12. Елена Котевска, 13. Елена Нацевска, 14. Стефани Младеновска, 15. Петар Андоноски, 16. Моника Здравкова, 17. Ангела Анѓеловска, 18. Марија Даниловска, 19. Наташа Петровска, 20. Ирена Крџиќ, 21. Јована Ивановска, 22. Анамарија Ѓоргова, 23. Габриела Грозданова, 24. Ивана Илиеска и 25. Оливера Ѓорѓиева. Стипендиите беа доделени на 4 декември 2019 година во просториите на Еуролинк осигурување А.Д. Скопје.

## НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ

Во периодот од 01.03.2019 година до 29.02.2020 година одржани се 11 редовни седници (од 22-ра редовна седница одржана на 01.03.2019 година до 32-ра редовна седница одржана на 03.02.2020 година) и 6 вонредни седници одржани на 23.05.2019 година, 08.07.2019 година, 16.09.2019 година во 10 часот, 16.09.2019 година во 13 часот, на 18.12.2019 година и на 13.02.2020 година. На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 224 точки /963 потточки/.

Во извештајниов период членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот тековно беа информирани за финансиската состојба на Факултетот, се водеше расправа и се одлучуваше за финансиската проекција на Факултетот.

Почнувајќи од седницата на ННС одржана на 03.02.2020 година, членови на Наставно-научниот совет се и претставници на студентите избрани со тајно гласање од страна на Факултетското студентско собрание (одлука бр. 23-38/3 од 09.01.2020 година) и тоа: Катерина

Иванова, Ејуп Ќазими, Умејр Мухамеди, Милена Јаневска, Сања Димовска, Димитар Тромбевски, Арбен Мехмети и Кристијан Зумровски.

## ДЕКАНАТСКА УПРАВА

Во текот на извештајниот период од 01.03.2019 година до 29.02.2020 година одржани се 10 редовни седници на Деканатската управа (од 24-та седница одржана на 28.03.2019 година до 33-та седница одржана на 28.02.2020 година) и 6 вонредни седници одржани на 17.05.2019 година, на 24.06.2019 година, на 08.07.2019 година, на 16.09.2019 година, на 15.10.2019 година и на 11.12.2019 година. На дневен ред беа поставени 83 точки /10 потточки/.

Почнувајќи од седницата на Деканатската управа одржана на 29.01.2020 година, член на Деканатската управа е и претседателот на Факултетското студентско собрание, Кристијан Зумровски, согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (известување бр. 23-38/3-1 од 09.01.2020 година).

## КОМИСИИ ЗА УПИС НА СТУДЕНТИ И РАБОТНИ ГРУПИ НА ФАКУЛТЕТОТ

На Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје уписот на студенти во прв и во втор циклус на студии го спроведоа комисите формирани од Наставно-научниот совет на Факултетот и тоа: **1.** Комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во состав: проф.д-р Александра Груевска Дракулевски (претседател), проф. д-р Неда Здравева, проф.д-р Тина Пржеска, проф.д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф.д-р Јован Зафироски, проф.д-р Драган Гоцевски и доц.д-р Есин Кранли Бајрам (членови), којашто ја спроведуваше постапката за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2019/2020 година. **2.** Комисија за упис на студенти на втор циклус на студии во состав: проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева (претседател), проф. д-р Иван Дамјановски и доц.д-р Вангел Доковски (членови), којашто ја спроведуваше постапката за упис на студенти на втор циклус на студии во учебната 2019/2020 година.

Во извештајниот период беа формирани и следниве работни групи: **1.** Работна група за изработка на Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав: проф.д-р Горан Коевски (декан), проф.д-р Гордан Калајџиев, проф.д-р Тони Дескоски, проф.д-р Мишо Докмановиќ, проф.д-р Александар Климовски, проф. д-р Тина Пржеска, проф.д-р Каролина Ристова-Астеруд, проф.д-р Ана Чупеска Станишковска и м-р Ирена Трајановска. Работната група почнувајќи од 02.10.2018 година до 16.09.2019 година (седница на ННС кога се донесе Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со Анекс I на Статутот на Факултетот) одржа девет состаноци за изработка на Статут на Факултетот согласно Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со Анекс I на Статутот на Факултетот се објавени во Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година. **2.** Проф.д-р Горан Коевски (декан), проф.д-р Неда Здравева, проф.д-р Александра Груевска Дракулевски, проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева (продекани) и м-р Ирена Трајановска изработија Нацрт-деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, којшто по доставени забелешки и предлози од институтите, беше доставен до Деканатската управа, којашто утврди Предлог-деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. На седницата на ННС одржана на 29.11.2019 година, Наставно-научниот совет донесе Деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет на Факултетот, со одлука од ННС да се донесат посебни деловници за начин на работа и одлучување на Деканатската управа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и за начин на работа и одлучување на работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Деловникот за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет на Факултетот е доставен до УКИМ за објавување во Универзитетски гласник. **3.** Со одлука на Наставно-

научниот совет за изработка на посебни деловници за начин на работа и одлучување на органите и телата на Факултетот, беше формирана работна група за изработка на нацрт-деловници во состав: проф. д-р Александра Груевска Дракулевски (продекан), проф. д-р Тина Пржеска, проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, проф. д-р Милка Ракочевиќ, доц. д-р Есин Кранли Бајрам, доц. д-р Христина Рунчева Тасев, доц. д-р Милена Апостоловска Степаноска и доц. д-р Елена Нешовска Ќосева, која изработи Нацрт-деловник за начин на работа и одлучување на Деканатската управа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Нацрт-деловник за начин на работа и одлучување на внатрешните организациони единици, стручните и работните тела, комисиите и одборите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Нацрт-деловниците беа доставени за расправа до институтите, а по доставените забелешки и предлози, Деканатската управа на седницата одржана на 29.01.2020 година утврди Предлог-деловник за начин на работа и одлучување на Деканатската управа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Предлог-деловник за начин на работа и одлучување на внатрешните организациони единици, стручните и работните тела, комисиите и одборите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, коишто ќе бидат доставени до ННС за донесување на истите на седницата закажана на 2 март 2020 година. **4.** Работната група во состав: проф.д-р Горан Коевски (декан), проф.д-р Неда Здравева (продекан), проф.д-р Родна Живковска, проф.д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Тони Дескоски, проф.д-р Биљана Петревска и доц.д-р Катерина Шапкова Коцевска одржа повеќе состаноци и изработи Нацрт-акт за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и изработи модел за финансирање на Факултетот, којшто ќе биде доставен до институтите за расправа и доставување на забелешки и предлози по истиот. **5.** Работна група во состав: проф.д-р Тодор Каламатиев, проф.д-р Дарко Спасевски, проф.д-р Ненад Гавриловиќ, проф.д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф.д-р Јелена Трајковска Христовска, проф.д-р Бобан Мисоски, проф.д-р Дивна Илиќ Димоски и доц.д-р Вангел Доковски изработи Елаборат за спроведување на подготвителна настава за полагање на правосуден испит. **6.** Во извештајниот период беше формирана работна група во состав: проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева (продекан), проф.д-р Бобан Мисоски, доц.д-р Александар Ристовски, доц.д-р Вангел Доковски, доц.д-р Марко Кртолица и доц.д-р Денис Прешова за изработка на апликација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за меѓународен проект во рамки на Еразмус + програмата. По консултација за идните чекори, а особено во врска со партнерските организации и институции, работната група предложи да се остави повеќе време за подготовка на проект со план за апликацијата да биде подготвена за нареден повик во рамки на истата програма или друг повик во текот на 2020 година. **7.** Работна група во состав: проф.д-р Александра Груевска Дракулевски (продекан), проф.д-р Неда Здравева (продекан), проф.д-р Тина Пржеска, доц.д-р Вангел Доковски, м-р Ирена Трајановска и Александар Јордев изработи Нацрт-одлука за условите, критериумите и правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Правила за студирање), којашто ќе биде доставена до институтите за расправа и доставување на забелешки и предлози по истата.

## СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Законот за јавните набавки („Сл.весник на РМ“ бр. 136/2007, 130/08, 97/10, 53/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18), Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав проф. д-р Ненад Гавриловиќ (претседател), проф.д-р Тина Пржеска - член, проф.д-р Дарко Спасевски - член, проф.д-р Мишо Докмановиќ – заменик, проф.д-р Јован Зафироски – заменик, проф. д-р Драган Гоцевски - заменик, во периодот од 01.03.2019 година до 01.04.2019 година, за потребите на Факултетот спроведе 7 (седум) постапки со барање за прибирање на понуди и 1 (една) набавка на услуги во вредност до 20.000 евра пропишани со Уредбата за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавните набавки.

Согласно Законот за јавните набавки („Сл.весник на РМ“ бр. 24/2019) кој стапи во сила на 01.04.2019 година, Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во

Скопје во состав проф. д-р Ненад Гавриловиќ (претседател), проф.д-р Тина Пржеска - член и проф.д-р Дарко Спасевски – член, во периодот од 01.04.2019 година до 29.02.2020 година, за потребите на Факултетот спроведе 10 (десет) постапки: 4 (четири) набавки од мала вредност, 4 (четири) набавки со поедноставена отворена постапка и 2 (две) набавки на посебни услуги.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ“ бр. 101/2019) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје во периодот од 01.03.2019 година до 29.02.2020 поднесени се 5 барања за пристап до информации од јавен карактер, на 4 барања е позитивно одговорено, а на 1 барање не е одговорено поради тоа што се бараа необработени податоци на Факултетот за период од 30 години.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во извештајниот период беа преземени низа мерки и активности со цел да се обезбеди нормално функционирање и унапредување на квалитетот во вршење на дејноста на Факултетот.

Во таа смисла се создадоа услови за: **1.** Натамошно унапредување на квалитетот во обавувањето на образовната и научната дејност, како и зголемена проектна активност на Факултетот; **2.** Активно пронаоѓање на дополнителни и алтернативни извори за финансирање на дејноста на Факултетот; и **3.** Интензивирана меѓународна и домашна соработка и зголемени можности за мобилност на студенти и наставници со партнерски институции од земјата и од странство.

Сепак, и во наредниот период, Правниот факултет ќе биде соочен со повеќе сериозни предизвици на кои ќе треба да одговори со преземање на адекватни мерки, во правец на:

- Превенирање на трендот од последните неколку години за континуиран пад на новозапишани студенти;
- Активно инсистирање кај надлежните државни органи за воспоставување критериуми за формирање на платите на вработените во високото образование, како и за финансирање на научно-истражувачката дејност;
- Ризици поврзани со неформирањето на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност и на Агенцијата за квалитет во високото образование, и како актите што треба да бидат донесени од овие органи ќе се одразат на дејноста на Факултетот;
- Дефинирање јасна кадровска политика за подмладување на Факултетот;
- Доекипирање на факултетската администрација, со нови вработувања, или, во случај на невозможност за нови вработувања, преку ангажирање на лица со договор на дело (согласно финансиските можности на Факултетот) и/или ангажирање на студенти-волонтери;
- Редизајнирање на дел од студиските програми со цел да се направат поатрактивни за запишување на нови студенти, а согласно можностите на Факултетот;
- Разгледување на можноста за воведување нови студиски програми на англиски јазик и корисна од нивно акредитирање;
- Натамошното унапредување на можностите за мобилност на студентите и наставниците кон партнерски институции од странство и, особено, создавање на услови за мобилност на странски студенти кон Факултетот, преку креирање на систем на наставни програми кои ефективно би се предавале на странски јазик (прозорци на мобилност);
- Реафирмирање на идејата за формирање на канцеларија за проекти и меѓународна соработка како посебна организациона единица на Факултетот;
- Создавање подобри услови за издавање на учебници и/или учебни помагала од наставниците на Факултетот, особено преку користењето на тнр. е-издаваштво;
- Натамошно унапредување на библиотечните услови (нов софтвер за обработка на библиотечен материјал, дигитализација на постојниот книжен фонд, ангажирање на

студенти практиканти во Библиотеката на Факултетот со цел да се овозможи подолго работно време на читалната), вклучително и преку претплата на релевантни електронски бази;

- Постепено санирање и замена на дотраената факултетска инфраструктура;
- Подобрување на хигиената на Факултетот.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Горан Коевски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Правен Факултет Јустинијан Први
Република Северна Македонија
* СКОПЈЕ *